Мандатот на членот во во Управниот Одбор на ЈП"Комуналец" Кавадарци трае заклучно со мандатот на Одборот во чиј состав се именува.

**Член 3**

Решението да се достави до именованиот, ЈП"Комуналец" Кавадарци и архивата на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр. 08-2546/12**
**28.05.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на претставник на Општина Кавадарци Надзорниот Одбор за вршење контрола на материјално-финансиско работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти"Мито Хаџи Василев Јасмин" Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на претставник на Општина Кавадарци Надзорниот Одбор за вршење контрола на материјално-финансиско работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти"Мито Хаџи Василев

Јасмин” Кавадарци, донесено на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 28.05.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-2756/13**
**02.06.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 26 од Законот за јавни претпријатија(“Сл.весник на РМ” бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014 и 25/2015), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/2002), член 82 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 28.05.2015 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на претставник на Општина Кавадарци во Надзорниот Одбор за вршење контрола на материјално-финансиско работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти”Мито Хаџи Василев Јасмин” Кавадарци

### Член 1

Се разрешува претставникот на Општина Кавадарци Живка Мишева, по сопствено барање, во Надзорниот Одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти”Мито Хаџи Василев Јасмин” Кавадарци„ именувана со Решение бр. 07 – 302/11 од 31.01.2014 година (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.12/2014).

За претставник на Општина Кавадарци во Надзорниот Одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти”Мито Хаџи Василев Јасмин” Кавадарци СЕ ИМЕНУВА

1.Душко Настов ;

### Член 2

Мандатот на членот во Надзорниот Одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти”Мито Хаџи Василев Јасмин” Кавадарци трае заклучно со мандатот на Одборот во чиј состав се именува.

**Член 3**

Решението да се достави до именованите, ЈП за стопанисување со спортски објекти"Мито Хаџи Василев Јасмин" Кавадарци и архивата на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр. 08-2546/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.05.2015 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2015 година**

**1**. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2015 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 28.05.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-2756/14** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.06.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ( "Сл. Весник на РМ бр. 5/02"), а во врска со член 89 од Законот за градежно земјиште ("Сл.весник на РМ"бр.17/2011,53/2011,144/2012,25/13,137/13,163/13 и 15/2015), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 28.05.2015 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

## За изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2015 година

### Член 1

Во Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2015 година бр.07- 5805/9 од 22.12.2014 година се врши следната измена :

**I. Во Глава А)** Просторен опфат и предмет на Програмата, после точка 13 СЕ ДОДАВААТ нови точки 14 и 15 кои гласат:

**14.ДУП за плански опфат-"Дисанска"- Кавадарци 2009-2014 за ГП бр.1.2, ГП бр.1.3, ГП бр.1.10, ГП бр.1.12 и ГП бр.1.13,**
**15.ЛУПД за базна станица за мобилна телефонија ВЛС 9078- Тиквешко езеро 2012-2017 за ГП бр.1.1.**

**II.Во Глава В точка II алинеа 2 се врши измена и дополнување на табеларниот преглед детален преглед на градежните парцели што ќе бидат предмет на менаџирање по населено место и по урбанистички план се додаваат нови табели кои гласат:**

**12. ДУП за плански опфат-"Дисанска"- Кавадарци 2009-2014 за ГП бр.1.2, ГП бр.1.3, ГП бр.1.10, ГП бр.1.12 и ГП бр.1.13**

| Број на градежна парцела | Основна класа на намена | Компатибилна класа на наемна | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на град.пасрцела | Максимална висина до венец м1 | Површина на градежна парцела м2 | Површина за градба м2 | Бруто развиена површина за градба м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.2** | А2- домување во станбени згради | Б1, Б4 | П+3+ Пк | Дел од КП бр. 12489/1 | 13.8 | 277 | 131 | 655 | 2.36 | 42% | 1.380,оо | 382.260,оо |
| **1.3** | А2- домување во станбени згради | Б1, Б4 | П+3+ Пк | Дел од КП бр. 12497/1 | 13.8 | 252 | 106 | 530 | 2.10 | 42% | 1.380,оо | 347.760,оо |
| **1.10** | Б1- мали комерцијалнии и деловни | А1 | П+3 | Дел од КП бр. 12497/1 | 12.2 | 243 | 137 | 548 | 2.25 | 56% | 1278,оо | 310.554,оо |
| **1.12** | А2- домување во станбени згради | Б1, Б4 | П+3+ Пк | Дел од КП бр. 12497/3 | 13.8 | 406 | 281 | 1405 | 3.46 | 69% | 1.380,оо | 560.280,оо |
| **1.13** | А2- домување во станбени згради | Б1, Б4 | П+3+ Пк | Дел од КП бр. 12497/1 | 13.8 | 604 | 409 | 2045 | 3.38 | 68% | 1.380,оо | 833.520,оо |
| **Вк.** | | | | | | | | | | | | **2.434.374,оо** |

**13. ЛУПД за базна станица за мобилна телефонија ВЛС 9078- Тиквешко езеро 2012-2017 за ГП бр.1.1.**

| Број на градежна парцела | Основна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на град.пасрцела | Максимална висина до венец | Површина на градежна парцела м2 | Површина за градба м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2** | Е1 – комунална инфраструктура | П | КП бр. 927/4 | 30 | 121 | 121 | / | 100% | 200.00 | 24.200,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вк.** | | | **24.200,00** |

**III.Во глава В точка V.**Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата после точка 13 се ДОДАВААТ нови точки 14 и 15 со следниот текст**:**

**14. ДУП за плански опфат-"Дисанска"- Кавадарци 2009-2014 за ГП бр.1.2, ГП бр.1.3, ГП бр.1.10, ГП бр.1.12 и ГП бр.1.13 - 2.434.374,00 денари**
**15. ЛУПД за базна станица за мобилна телефонија ВЛС 9078- Тиквешко езеро 2012-2017 за ГП бр.1.1. - 24.200,00 денари**

**Вкупно: ———————————————— 6.773.359,оо денари**

**Општина Кавадарци 80%———————————— 5.418.687,00 денари**
**Република Македонија 20%—————————— 1.354.672,00 денари**

Во останатиот дел Програмата останува неизменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр. 08-2546/14**
**28.05.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар сопственост на Општина Кавадарци"**
**дел од објект во Домот на културата с.Сопот"**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање на користење на недвижна ствар сопственост на Општина Кавадарци"дел од објект во Домот на културата с.Сопот", донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 28.05.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-2756/15**
**02.06.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 67 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.05/02) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци, Советот на Општина Кавадарци на седницата што ќе се одржана на ден 28.05.2015 година, донесе:

# О Д Л У К А

**за давање на користење на недвижна ствар сопственост на Општина Кавадарци“дел од објектот во Домот на културата с. Сопот”**

**Член 1**

Недвижната ствар сопственост на Општина Кавадарци – **“дел од објектот во Домот на културата с. Сопот”** во површина од 50м2 лоцирана на ул.“Маршал Тито”, на КП.бр.3329 за КО Сопот, се дава на користење на Здружение на пензионери со седиште на Ул. “7-Септември” бр. 37 Кавадарци, без надомест.

**Член 2**

Право на користење на недвижната ствар од член 1 на оваа Одлука се дава за период од 1 година, за потребите на Здружението – наменето за клуб на пензионерите.

**Член 3**

Со правото на користење на недвижната ствар се пренесува обврската на Здружението на пензионери за тековно одржување на недвижната стар, како и плаќање на тековните комунални трошоци (електрична енергија, вода и слично).

Користењето на недвижната ствар не треба да влијае и да ги загрозува потребите на граѓаните на с.Сопот и Општина Кавадарци.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр. 08-2546/15**
**28.05.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар сопственост на Општина Кавадарци”дел од зграда**

**при Дом на култура с.Ваташа**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање на користење на недвижна ствар сопственост на Општина Кавадарци”дел од зграда при Дом на култура с.Ваташа, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 28.05.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-2756/16** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.06.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 67 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.05/02) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 28.05.2015 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за давање на користење на недвижна ствар сопственост на Општина Кавадарци
“дел од зграда при Дом на култура с.Ваташа”

**Член 1**

Недвижната ствар сопственост на Општина Кавадарци – “**дел од зграда 1 втор спрат (десно) при Дом на култура с.Ваташа”** во површина од 37м2 лоцирана на ул.“12-Другари”, на КП.бр.4471/1 за КО Ваташа, се дава на користење на Здружение на пензионери со седиште на Ул. “7-Септември” бр. 37 Кавадарци, без надомест.

**Член 2**

Право на користење на недвижната ствар од член 1 на оваа Одлука се дава за период од 1 година, за потребите на Здружението – наменето за клуб на пензионерите.

**Член 3**

Со правото на користење на недвижната ствар се пренесува обврската на Здружението на пензионери за тековно одржување на недвижната стар, како и плаќање на тековните комунални трошоци (електрична енергија, вода и слично).

Користењето на недвижната ствар не треба да влијае и да ги загрозува потребите на граѓаните на с.Ваташа и Општина Кавадарци.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр. 08-2546/16**
**28.05.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за обезбедување финансиски средства за подршка на проектот Народната кујна во Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за обезбедување финансиски средства за подршка на проектот Народната кујна во Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 28.05.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-2756/17**
**02.06.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 28.05. 2015 година, донесе

# ОДЛУКА
## за обезбедување финансиски средства за подршка на проектот Народната кујна во Кавадарци.

### Член 1

Општина Кавадарци Локална самоуправа ке обезбеди сопствени средства за подршка на проектот „Народна Кујна" што го спроведува Владата на Република Македонија, за 10 нови корисници.

### Член 2

Учеството на општина Кавадарци е во износ од 173 000 денари.

Член 3

Финансиските средства за учество на општината, од член 2 ке се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2015 година.

Член 4

Финансиската поддршка ќе се однесува за вкупно 8 месеци започнувајки од мај 2015 година до месец декември 2015 година.

Член 5

За реализација на овој проект, ќе се склучат соодветни договори со ревелантните институции, односно со Меѓуопштински центар за социјални работи – Кавадарци и ЈОУДГ Детска градинка „Рада Поцева"-Кавадарци

Член 6

Се задолжува општинската администрација да ги превземе сите потребни активности.

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во службен гласник на општина Кавадарци.

**Бр. 08-2546/17**
**28.05.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за обезбедување финансиски средства за реализација на проектот"Едукација на земјоделци во областа на лозарството и овоштарството**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за обезбедување финансиски средства за реализација на проектот"Едукација на земјоделци во областа на лозарството и овоштарството, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 28.05.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-2756/18**
**02.06.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 28.05. 2015 година, донесе

# ОДЛУКА

## за обезбедување финансиски средства за реализација на проектот „Едукација на земјоделци во областа на лозарството и овоштарството

### Член 1

Со оваа одлука се обезбедуваат финансиски средства за спроведување на проектот „Едукација на земјоделци во областа на лозарството и овоштарството„ во износ од 50 000 денари.

### Член 2

Проектот „Едукација на земјоделци во областа на лозарството и овоштарството„ ќе се реализира во периодот од 1ви Мај 2015 година до 1ви Октомври 2015 година, и ќе опфаќа оддржување на десет едукативни настани, два пати месечно.

### Член 3

Финансиските средства за учество на општината, од член 1 ке се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2015 година.

### Член 4

Се задолжува општинската администрација да ги превземе сите административни процедури за спроведување на овој проект.

### Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во службен гласник на општина Кавадарци.

**Бр. 08-2546/18**
**28.05.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за еднократен отпис на долгот по основ на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за еднократен отпис на долгот по основ на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 28.05.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-2756/19**
**02.06.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за еднократно отпишување на долговите на граѓаните ("Сл.весник на РМ" бр.112/2014),член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 28.05.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за еднократен отпис на долгот по основ на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување**

**Член 1**

Со оваа Одлука еднократно се отпишува долгот по основ на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување, на следните баратели/должници согласно одлуката за еднократен отпис на долг донесена од Комисија за постапување по барањата за еднократно отпишување на долговите на граѓаните при Министерство за труд и социјална политика и тоа :

| Ред.бр | Барател/Должник (име и презиме) | Бр.на Одлука за еднократен отпис на долг |
|---|---|---|
| 1. | Емина Фејзулова | 10-6808/18013 од 27.01.2015 година во износ од 3.792,54 денари |
| 2. | Раде Недески | 10-6808/17997 од 30.05.2015 година во износ од 48,00 денари |
| 3. | Мефаил Демировски | 10-6808/3076 од 30.01.2015 година во износ од 2.878,00 денари |
| 4. | Селими Аљим | 10-6808/2670 од 30.01.2015 година |

| | | |
|---|---|---|
| | | во износ од 3.353,00 денари |
| 5. | Беким Сејфулов | 10-6808/3077 од 24.12.2014 година во износ од 1.943,00 денари |
| 6. | Намие Сејфулова | 10-6808/2636 од 20.01.2015 година во износ од 528,00 денари |
| 7. | Кирил Петров | 10-6808/17996 од 30.01.2015 година во износ од 968,00 денари |
| 8. | Омер Калајџиев | 10-6808/2682 од 27.01.2015 година во износ од 1.874,00 денари |
| 9. | Ѓорѓи Боев | 10-6808/3081 од 19.12.2014 година во износ од 864,34 денари |
| 10. | Зоран Петров | 10-6808/3074 од 19.12.2014 година во износ од 2.527,00 денари |
| 11. | Менча Недева | 10-6808/3086 од 19.12.2014 година во износ од 1.859,71 денари |
| 12. | Ристе Митрески | 10-6808/33715 од 19.03.2015 година во износ од 96,00 денари |
| 13. | Енвер Пашов | 10-6808/16988 од 16.02.2015 година во износ од 2.841,00 денари |
| 14. | Усин Шабанов | 10-6808/18088 од 05.03.2015 година во износ од 336,00 денари |
| 15. | Силвана Кицева | 10-6808/19672 од 11.02.2015 година во износ од 144,00 денари |
| 16. | Сафет Сулејманов | 10-6808/19714 од 11.02.2015 година во износ од 4.337,00 денари |
| 17. | Ердоган Мустафов | 10-6808/16945 од 09.03.2015 година во износ од 1.916,00 денари |
| 18. | Усиновски Муса | 10-6808/3085 од 04.02.2015 година во износ од 1.629,00 денари |
| 19. | Петкова Марија | 10-6808/20639 од 04.02.2015 година во износ од 192,00 денари |
| 20. | Димо Димков | 10-6808/20676 од 04.02.2015 година во износ од 1.006,00 денари |
| 21. | Блага Стоева | 10-6808/20653 од 04.02.2015 година во износ од 240,00 денари |
| 22. | Пано Гелов | 10-6808/19656 од 19.02.2015 година во износ од 5.273,00 денари |
| 23. | Исмет Зејнелов | 10-6808/20658 од 23.03.2015 година во износ од 4.196,00 денари |

| | | |
|---|---|---|
| 24. | Трајче Ангелов | 10-6808/2618 од 11.12.2014 година во износ од 2.082,00 денари |
| 25. | Дестан Соколовиќ | 10-6808/2637 од 11.12.2014 година во износ од 4.165,00 денари |
| 26. | Северџан Хасаноски | 10-6808/2624 од 11.12.2014 година во износ од 3.853,00 денари |
| 27. | Зеликан Мустафова | 10-6808/2658 од 11.12.2014 година во износ од 1.707,00 денари |
| 28. | Назир Сејфулов | 10-6808/2678 од 11.12.2014 година во износ од 1.968,00 денари |
| 29. | Асан Аметов | 10-6808/2664 од 11.12.2014 година во износ од 3.951,00 денари |
| 30. | Џева Соколовиќ | 10-6808/2620 од 21.11.2014 година во износ од 3.339,00 денари |
| 31. | Велика Ставрова | 10-6808/2627 од 21.11.2014 година во износ од 1.020,00 денари |
| 32. | Ило Најдов | 10-6808/2630 од 13.12.2014 година во износ од 480,00 денари |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | Вкупно: 65.406,59 денари |

**Член 2**

Одлуката да се достави до барател/должник, до ЕВН и Центар за социјални работи ПЕ Кавадарци.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила веднаш со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр. 08-2546/19**
**28.05.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Планот за управување со отпад за период(2015-2020)**

1. СЕ ОБЈАВУВА Планот за управување со отпад за период(2015-2020), донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 28.05.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-2756/20**
**02.06.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 18 став 5 од Законот за управување со отпад("Сл.Весник на РМ" бр.68/04, 107/07, 102/08, 134/08, 124/10, 09/11,51/11,123/12,147/13,163/13 и 51/15) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 28.05.2015 година, донесе

# ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД
## за период (2015-2020)

ВОВЕД

Планирањето е есенцијална алатка за воспоставување на одржлив систем за управување со отпад. Поглавјето II на Законот за управување со отпад (Службен весник бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 09/11, 51/11, 123/12 и 147/13) - Стратегија, планови и програми за управување со отпадот, детално го опишува процесот на планирање, како на национално, така и на локално ниво, и ги дефинира видот на планските документи и барањата, кои треба тие треба да ги исполнат. Основни документи за планирање и развој на управувањето со отпад се:

1. Национална стратегија за управување со отпад-(2008-2020) - (ја донесува Владата за период од 12 години на предлог на МЖСПП) – врз основа на член 16, став 3 од Законот за управување со отпад;
2. Национален план за управување со отпад (го донесува МЖСПП за период од 6 години)- (2009-2015) - врз основа на член 17, став 2 од Законот за управување со отпад;
3. Национална програма за управување со отпад (се донесува за период од една

година) - врз основа на член 19, став 4 од Законот за управување со отпад;

4. Планови и програми за управување со отпад на Единиците на Локалната самоуправа - врз

основа на член 18 и 19 од Законот за управување со отпад.

Плановите за управување со отпадот на Единиците на Локалната самоуправа треба да бидат во согласност со Националната стратегија за управување со отпад (Сл. весник на РМ бр. 39/08) и Националниот план за управување со отпад на Република Македонија (Сл. весник на РМ бр. 77/09) и се донесуваат за период не пократок од три години, а не подолг од шест години. При изработка на плановите за управување со отпад на локално ниво, исто така треба да бидат земени предвид насоките дадени во другите стратешки и плански документи, донесени на национално и локално ниво, особено Националниот акционен план за животна средина (НЕАП) и Локалните акциони планови за животна средина (ЛЕАП) и локални правилници и регулативи донесени на општинско ниво.

Програмата за управување со отпад, која е алатка за реализација на Планот за управување на отпадот, на годишно ниво, претставува основен документ за планирање на сите активности во текот на планираната календарска година, како и основа за пресметување на делот од општинскиот буџет, наменет за целите дефинирани во Планот и Програмата за управување со отпад.

Овој документ треба да ги определи стратешките цели на Општина Кавадарци во идниот шестгодишен развоен период димензионирани во приоритети, реално изводливи во определено време и со реална финансиска конструкција и да предложи Програма за реализација на активностите за 2015 година.

Согласно член 18 став 1, член 19 точка 2, став 1 од од Законот за управување со отпад, Градоначалникот му ги предлага на усвојување Планот (2015 - 2020) и Програмата за управување со отпад за 2015 година, на Советот на Општина Кавадарци за нивно усвојување.

## Општа цел и опфат на Планот за управување со отпад

Управување со комуналниот, комерцијалниот и другите видови индустриски неопасен отпад е во надлежност на локалната самоуправа.
Главна цел на Планот претставува воведување на мерки и активности, согласно барањата на национално законодавство и барањата на ЕУ.
Планот за управување со отпад има за цел да овозможи Единицата за локална самоуправа да се насочи кон подобрување на постојниот систем за управување со отпад во период за кој се однесува планот.
Целта на Планот (2015-2020год.) е да се воспостави одржливо функционирање на структурите со кои се управува со комуналниот, комерцијалниот и другите видови неопасен отпад и тоа:

Организациони структури:

- Зголемена ефикасност на инспекцијата и капацитетите за спроведување;
- Зајакнување на капацитетите на Општина/комунално претпријатие;
- Подигање на јавната свест на граѓаните;
- Создавање на поволни услови за воспоставување на јавно –приватно партнерство и вклучување на приватен сектор;
- Техничка инфраструктура;
- Приклучување на идна регионална депонија;
- Затварање и регулација на општинската депонија (фазно);
- Проширување на организираното собирање на отпад (100%) и целосно подобрување на услугата;

Финансиски структури

- Целосна примена на начелото "Загадувачот плаќа";
- Воведување на казнени мерки во согласност со закон и

- Воведување на начелото "Одговорност на производителот" за постапување со отпад од пакување (и специфичен опасен отпад).

Правна рамка
- Измена и дополна на локалната регулатива;
- Имплементација на постоечката законска регулатива
- Планот предлага мерки за други видови отпад (опасен отпад, медицински отпад и отпад од животинско потекло), за чие управувње како најцелискоден го оценува националниот/регионалниот пристап.

## Поврзаност на Планот со Европската регулатива

Планот вклопува елементи на Законодавството на ЕУ: Рамковната директива за отпад (75/442/ЕЕЦ), Директивата за депонии (99/31/ЕЕЦ), Директивата за пакување и отпад од пакување (94/62/ЕЦ) и Директивата за батерии и акумулатори (91/157/ЕЕЦ). Важно е да се напомене дека барањата на европското законодавство се имплементирани и во националното законодавство, врз основа на кое е прикажан и овој План.

## Поврзаност на Планот со националното законодавство

Планот имплементира елементи и препораки на:

- Национална стратегија за управување со отпад-(2008-2020) - (ја донесува Владата за период од 12 години на предлог на МЖСПП) – врз основа на член 16, став 3 од Законот за управување со отпад;
- Национален план за управување со отпад (го донесува МЖСПП за период од 6 години)- (2009-2015) - врз основа на член 17, став 2 од Законот за управување со отпад;
- Национална програма за управување со отпад (се донесува за период од една година) - врз основа на член 19, став 4 од Законот за управување со отпад;
- Планови и програми за управување со отпад на Единиците на Локалната самоуправа – ЕЛС- врз основа на член 18 и 19 од Законот за управување со отпад.

Планот вклучува и одредени прашања поврзани со управувањето со отпадот, а кои се опфатени со одредби во законите кои не се примарно вклучени на заштита на животната средина, како на пример: Закон за организација на органите на државната администрација, Закон за локална самоуправа, Закон за јавни претпријатија, закон за просторно и урбанистичко планирање, Закон за инвестициони градби, Закон за концесии, Закон за јавни набавки, Закон за државна помош, закон за рамномерен регионален развој и др. Оваа законодавство регулира одредени прашања кои се важни за секторот за управување со отпад во Република Македонија, доделувајќи различни надлежности за спроведување на одделни аспекти на управување со отпад на локално ниво.

Плановите за управување со отпад на Единиците за Локалната смоуправа треба да бидат во согласност со Националната стратегија за управување со отпад (Сл. Весник на РМ бр. 39/08) и Националниот план за управување со отпад на Република Македонија (Сл. Весник на РМ бр. 77/09) и се донесува за период не пократок од три години, а не подолг од од шест години. При изработка на плановите за управување со отпад на локално ниво, исто така треба да бидат земени предвид насоките дадени во другите стратешки и плански документи, донесени на национално и локално ниво, особено Националниот акционен план за животна средина (НЕАП) и Локалните акциони планови за животна средина (ЛЕАП).

Програмата за управување со отпад, која е алатка за регулација на Планот за управување со отпад, на годишно ниво, претставува основен документ за планирање на сите активности во текот на планираната катастерска година, како и основа за пресметување на делот од општинскиот буџет, наменет за целите дефинирани во Планот и Програмата за управување со отпад.

Согласно став 1 од член 18 и согласно точка 2 од став 1 од член 19 од Законот за управување со отпад, Градоначалникот му ги предлага на усвојување Планот (2015-2020) и Програмата за управување со отпад (2015год.), на Советот на Општината.

## [illegible]

Планот за управување со отпад за Општина Кавадарци е во согласност со Националната стратегија за управување со отпад (Сл. Весник на РМ бр. 39/08) и Националниот план за управување со отпад на Република Македонија (Сл. Весник на РМ бр. 77/09) и се донесува за период од шест години. При изработка на планот за управување со отпад земени се во предвид насоките дадени во другите стратешки и плански документи, донесени на национално и локално ниво, особено:

- Националниот акционен план за животна средина (НЕАП)
- Локалниот акционен план за животна средина (ЛЕАП)
- Програма за управување со отпад на територија на Општина Кавадарци за 2015год.
- Програма за јавна чистота за 2015год.
- Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Општина Кавадарци за 2015год.
- Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци бр. 07-873/3 од 28.02.2014год.

Како и документации подготвени од страна на ЈП Комуналец, Кавадарци:

- Програма за управување со комунален и друг вид на неопасен отпад на ЈП Комунален (2015)
- Извештај за евиденција на отпад на годишно ниво за ЈП Комуналец, Кавадарци

Овој документ ги определува стратешки цели на Општина Кавадарци во идниот шестгодишен развоен период димензионирани во приоритети, реално изводливи во определено време и со реална финансиска конструкција и Програма за реализација на активностите за 2015 година. Согласно став 1 од член 18 и согласно точка 2 од став 1 од член 19 од Законот за управување со отпад, Градоначалникот му ги предлага на усвојување Планот (2015-2020) и Програмата за управување со отпад (2015год.), на Советот на Општината.

# I ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ (2015-2020)

## 1. Опис и оцена на постоечката состојба за управување со различните видови отпад

Според својата положба, градот Кавадарци го завзема централното место во Република Македонија, ситуирано на добри комуникациски врски и ја тангира источна со западна и северна со јужна Македонија. Градот Кавадарци припаѓа на регионот на средно Вардарскиот регион и делот на Црноречието, а според специфичните природни услови, како посебна природна целина, припаѓа заедно со Неготино на Тиквешко-раечкиот микрорегион. Во Тиквешката котлина се наоѓа на западната страна.

Кавадаречката општина, заземајќи го централниот дел од поvardarието и западниот и југозападниот дел од Тиквешката котлина, според административно територијалната поделба на Република Македонија од 2004 година се граничи со шест општини и една соседна држава и тоа: на север со општините Чашка и Росоман, на исток со општините Неготино, Демир Капија и Гевгелија, на југ со Р.Грција, на исток со Општина Прилеп.

Вкупната површина на Општината изнесува околу 391 км$^2$. Во нејзините граници, според постојната административно-територијална поделба на Државата, припаѓаат градот Кавадарци со приградските населби Ваташа и Глишиќ и 39 населени места: Бегниште, Бојанчиште, Бохула, Брушани, Бунарче, Возарци, Галиште, Гарниково, Горна Бошава, Грбовец, Дабниште, Добротино, Долна Бошава, Драгожел, Драдња, Дреново, Ќесендре,

Клиново, Конопиште, Кошани, Крњево, Куманичево, Мајден, Марена, Мрежичко, Праведник, Р'жаново, Радња, Раец, Ресава, Рожден, Сопот, Страгово, Фариш, Чемерско, Шешково и Шивец. Општина Кавадарци се наоѓа на надморска висина од 230-270м.




Слика 1 – Приказ на местоположбата на Општина Кавадарци

Согласно член 42-а од Законот за управување со отпад, управувањето со комуналниот отпад во Општина Кавадарци му е доверено на Јавното Претпријатие „Комуналец", кое е основано на 1963 година. Во согласност со податоците од Пописот 2002, Општина Кавадарци има вкупно 38.391 жители, односно 9500 домаќинства на територијата. Но во последните години, бидејќи градот индустриски се развива, и бројот на жители е зголемен, па можи да се усвои и бројка од 39.500 до 40.000 жители.




Слика 2 - Граница на Општина Кавадарци

Јавното Претпријатие „Комуналец" е одговорно за управувањето со отпад во градот Кавадарци и на поголем дел од околните населени места. Работите кои ги опфаќа ЈП „Комуналец" Кавадарци се:

- снабдување со вода за пиење;

- одведување и испуштање на фекални и атмосферски води;
- собирање, транспорт и депонирање на комунален и индустриски отпад;
- депонирање отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи;
- одржување на јавна хигиена (метење, миење улици и други јавни површини и др.);
- одржување, обновување и подигање на нови зелени површини од јавен карактер;
- управување со зелениот пазар;
- управување со градски гробишта;
- уловување, згрижување и ерикција на животни-скитници;
- производство на електрична енергија.

Својата работа Јавното претпријатие „Комуналец" Кавадарци ја организира во организациони единици со заеднички служби и тоа:

1. ОЕ Заеднички скужби
2. РЕ - водовод и канализација;
3. РЕ - за хигиена и зеленило;
4. РЕ - гробишта;
5. РЕ – пазар;
6. РЕ - механизација;

Како резултат на недостаток на опрема, како и застареност на истата, оддалеченост на руралните населени места од општинскиот центар, јавното претпријатие не е во можност да ја покрие целата територија на Општината со услуги за собирање и транспортирање на отпад. Од вкупно 39500 жители колку што има во градот Кавадарци и околните населени места, услуга за собирање и транспортирање на комунален отпад добиваат 95% од вкупното урбано население.

Останатите населени рурални места, кои се простираат по целата територија на Општината, не ги добиваат услугите од ЈП заради малиот број на жители и економската неисплатливост (Рожден, Мрежичко, Бошава, Бохула, Крњево, Страгово, Бошава и др.), како и ниската свест на населението кое прави проблем на терен (с.Сопт и с.Дреново).

Создавање на отпад

Од јавното претпријатие беше побарано да дадат преглед на количините на отпад кои тековно се собираат и транспортираат. Треба да се напомене дека презентираните количини се проценети количини (вредности) и не претставуваат измерени вредности, бидејќи депонијата не е опремена со мерна вага и друга опрема за мерење на количините кои пристигнуваат.

Претпоставките кои се направени се базираат на обемот на оперативните возила за собирање отпад, помножени со фактичкиот број на превози на овие возила до депонијата. Количините варираат, бидејќи постои можност за одложување на отпад од страна на комерцијални, како и приватни лица самостојно, без евиденција на ЈП кое ги врши комуналните услуги. За сите овие возила кои транспортираат отпад до депонијата нема евиденција за постојните количини испорачан отпад. Освен „официјалната" депонија постојат и голем борј на диви депонии кои не се евидентирани, а често можат да се забележат покрај локалните патишта во општината.

Годишната количина на подигнат цврст отпад домаќинствата кои се опслужени од ЈП „Комуналец", изнесува околу 19 780 тони од кој 6.000 тони се индустриски отпад или пак 1,45 тони/домаќинство/година, односно 0,349 тон/жител/година или 0,956 кг/жител/ден (количините се дадени според возилата кои се испратени на терен).

Дополнителен проблем кој се јавува во урбаната средина е несоодветното одложување на комуналниот отпад и градежниот шут, со што се создаваат т.н „диви депонии" во населбите на градот Кавадарци и околните населени места. ЈП „Комуналец" се обидува овие диви депонии да ги исчисти, без дополнителен финансиски надоместок ниту од граѓаните, ниту од Општината, но и покрај напорите истите се повторуваат речиси постојано. Точната количина на смет кај „дивите депонии", не се знае бидејќи истите не се постојани .

Изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот цврст отпад се реализира во согласнот со Одлуката за комунален ред на Општина Кавадарци.

Собирањето на комуналниот цврст и индустриски отпад се врши во специјални садови и тоа: 320 метални контејнери со запремнина од 1,1 $т^3$, 10 пластични контејнери со запремнина од 1,1 $т^3$ распоредени во градското подрачје, 60 контејнери со запремнина од 5 $т^3$ од кои 22 во градско подрачје а четириесетина во индустриските зони и истите се распоредени на територијата на град Кавадарци и во индустриската зона, а канти за отпад од 80 I и 1201, распоредени се по физичките лица и тоа неконфекционирани (опслужени се околу 9 500 домаќинства).

Динамиката на изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот цврст отпад е димензионирана во зависност од густината на населението, количината на отпадот и условите за изнесување на истиот. Начесто како пракса е воведен системот на собирање на отпадот и тоа:

- Во строго централно подрачје 7 пати неделно (два пати дневно)
- Во централно подрачје на градот 3-4 пати неделно
- Во останато градско подрачје 2 пати неделно
- Индустриска зона 1 пат неделно

Физичкиот обем на задачите е дефиниран преку регистрирањето на станбените, дворните и индустриските површини, како и предвидените превозни сретства со кои се извршуваат работите. Во годишната програма, којашто ЈП „ Комуналец" ја доставува до Општината на разгледување и усвојување, е дефинирана динамиката на собирање, транспортирање и депонирање на отпадот. За извршување на своите тековни работи Јавното Комунално Претпријатие Работна единица Хигиена и зеленило има оформено возен парк.




Слика 3-Мапа на град Кавадарци

ЈП Комуналец постојано врши одржување и обновување на возниот парк за да се подобри ефикасноста при собирањето и управувањето со отпадот. Поправките на механизацијата се

вршат во рамките на овластен сервисер во Р. Македонија и во сопствениот механички сервис.

Имајќи ги предвид староста на возилата и опремата со која располага ЈП „Комуналец", и потребата за квалитетно извршување на работните задачи, неопходна е набавка на нови специјални возила, како обврска на ЈП Комуналец.

Од досегашното искуство на Јавното Претпријатие, дадена е една општа динамика на подигање, транспортирање и депонирање на отпадот и тоа:

- од компании/комерцијални/индустриски субјекти каде подигањето на отпад е еднаш неделно или на повик;
- во строго централно подрачје секој ден во неделата по два пати;
- од централното градско подрачје од контејнери 1,1 т$^3$, каде подигање на отпад се врши секој три до четири пати во неделата;
- празнењето на контејнерите од 5 т$^3$ се врши еднаш неделно или по потреба;
- празнењето на кантите во месните заедници се врши два пати во неделата.

Направени се пресметки за продуцираната/генерирана количина на отпад и истата е претставена во табелата подолу. Показателот за генерирање на отпад по жител во година за урбана средина е земен 349 кг/жител, просечна вредност која е измерена при анализата на отпадот по количина и состав во рамките на Проектот "Национален план за управување со отпад и физибилити студии" (РНУ Ргома-SMC„ проект финансиран од ЕУ, управуван од ЕАР-2005), споредена со количините дадени во Стратегијата за управување со отпад (Сл. Весник 39/08) кои изнесуваат 285-350 кд/жител. За рурални средини овој показател е помал и изнесува 140кд/жител.

| Година | 2014 |
|---|---|
| Број на жители во урбана средина (90%) | 35 660 |
| Генериран отпад во урбана средина (1/год) | 12 440 |
| Број на жители во рурална средина (10%) | 3 840 |
| Генериран отпад во рурална средина (1/год) | 1 340 |

Табела 1- Генериран отпад во Општина Кавадарци

Количината на отпад која што се подига, транспортира и одлага е претставена како генериран отпад во урбана средина и го опфаќа градот Кавадарци со своите градски и приградски населени места.

Цените за комуналната услуга по категории на корисници по метар квадратен, се дадени во следната Табела:

Табела 2- Цени за комунална услуга

| Реден број | Категорија на корисници | Денари / Т² |
|---|---|---|
| 1. | **Домаќинства станбена површина** | 1,0962 |
| 2. | **Домаќинства дворна површина** | 0,278 |
| 3. | **Правни субјекти** | 2,2533 |

Согласно дефинираните стратешки цели за идното управување со цврстиот отпад во Националната Стратегија за управување со отпад (Сл. Весник 39/08) треба да се пристапи кон Регионално управување со отпадот. Општина Кавадарци, заедно со другите општини од Вардарскиот Регион треба да формира Регионално тело за управување со отпадот, што е потврда за почитување на стратешките определби на Државата и законски обврски за управување со отпад, која е предмет на дополнителни анализи од каде ќе произлезат и нови решенија поткрепени со законската регулатива.

ЈП „Комуналец", во својата организациона структура има назначено лице кое ги следи состојбите врз животнта средина, меѓу кои и управувањето со отпадот. Истото лице е во секојдневна комуникација со Општината, која исто така во Секторот за комунални дејности има назначено лице за животната средина. Преку комуникацијата на двата субјекти се следи состојбата со управувањето со отпадот. Понатаму се планира да продолжи ваквата меѓусебна соработка, со понатамошно зајакнување на знаењата и изведување на предвидените цели и активности за подобрување на управувањето со отпадот во општината.

Депонија

Депонирањето на цврстиот комуналниот отпад, што е производ на животните и работни активности на луѓето, како и од работата на индустриските капацитети е еден од посериозните проблеми во Општината.

Комуналниот отпад порано, а и сега се депонира на локалитетот "Мелци", на 3 км од центарот на градот Кавадарци, покрај локалниот пат кој ги поврзува градот Кавадарци со регионалниот пат Градско – Прилеп. За прв пат почнало да се одложува отпад на оваа локација 1978, најпрво како диво депонирање, а потоа како место за депонирање. Депонијата зафаќа површина од 6,1ha и претставува природна депресија - (дол) со најниска точка 30m. Извршени се испитувања и установено е дека нема подземни води кои би довело до нивно загадување, а долниот слој од депресијата е од непропустлива глина. За прв пат почнало да се одложува отпад на оваа локација пред многу години (пред 1978), најпрво како диво депонирање, а потоа како место за депонирање. Истата локација претставува единствено место за депонирање во Општина Кавадарци. Студијата за депонијата е направена пред 1991год. Депонијата е оградена пред неколку години и има воведено електрична енергија и чуварска служба. Во програмата за 2015 година е предвидено да се донесе технолошка и санитарна вода во кругот на депонијата. Во кугот на депонијата се врши миење на возилата од извршеното складирање во нив и како такви повторно се враќаат во обиколна служба. Истата локација претставува единствено место за депонирање во Општина Кавадарци. На депонијата се носи мешовит отпад, поради неможноста да се реализира примарна селекција на отпадот. Располага со мал објект за стражарите. Нема поставено вага за мерење на доставениот отпад. Отпадот се распоредува слободно, во зависност од обезбедениот простор за пристап на возилата од Јавното претпријатие. Отпадот се распоредува со помош на булдожери и се препокрива со инертен материјал или пак со земја од околното земјиште. Оваа депонија во последните две години не гори.

Според количествата на отпад, кои се депонираат секојдневно, се проценува дека на површина од 6 хектари има место за одложување на отпад за уште околу 6-7 години, ако се оди со ова темпо на депонирање.

И покрај постоењето на официјална депонија за одлагање на комуналниот отпад, создавањето на диви депонии или нерегулирано одложување на комуналниот отпад, како и на другите места во Републиката, е редовна пракса и во Општина Кавадарци.




Слика 4 – Локација на депонијата Мелци



Слика 5 – Визуелизација на депонијата Мелци

Структурата на отпадот, односно фракциите од кои се состои отпадот, не е анализирана од страна на ЈП „Комуналец". Врз основа на претходно дефинираните количини на комунален отпад, кој се создава на територијата на општината Кавадарци на годишно ниво, како и врз основа на структурата на фракции од отпадот идентификувана со Националниот план за управување со цврст отпад-Специјална Студија за состав на отпад (Проект финансиран од ЕУ преку САГСPS Програмата 2001), на годишно ниво се претпоставува дека се создаваат следниве видови и количини на фракции од отпадот:

| Фракција | Застапеност (%) |
|---|---|
| Органски отпад | 26 |
| Дрво | 2,7 |
| Хартија и картон | 11,9 |
| Пластика | 9,6 |
| Стакло | 3,5 |
| Текстил | 2,9 |
| Метал | 2,6 |
| Опасен отпад од домаќинства | 0,2 |
| Композити | 2,2 |
| Комплексни производи | 0,3 |
| Инертен отпад | 3,6 |
| Други категории | 3,6 |
| Фини мешани честички (‹10мм) | 30,9 |
| Вкупно | 100% |

Табела 3- Фракции од отпад

### *1.1 Состојби со селектирање и рециклирање на комуналниот отпад*

Постојниот начин на собирање и третман на комуналниот цврст отпад не го опфаќа селектирањето и рециклирањето на оние фракции на комуналниот цврст отпад кои може да бидат рециклирани. Нема организирано примарно селектирање на отпадот, а на местата кадешто се подига отпадот не се поставени соодветни садови за сепарирање на отпадот, па така, како конгломерат од различни фракции, комуналниот отпад завршува на депонијата. Во последните години поставени се садови (метални боксови) за собирање на пластични шишиња и хартија од жителите на градот Кавадарци и тоа на најфревентните места во градот од каде ЈП Комуналец врши собирање еднаш неделоно и доставува до фирма која е регистрирана за откуп на пластика. Во моментов во Р. Македонија постои ланец на претпријатија кои се занимаваат со собирање на видови на отпад или фракции кои може да се рециклираат. Дел од нив егзистираат и во Општина Кавадарци. Пред се тоа се однесува на собирање на отпад од метал и хартија, додека во последните неколку години се развива и мрежа на собирачи на ПЕТ (полиетилен терафталат) амбалажата и другите видови на пластика, како и преработувачи на овој вид на отпаден материјал. Материјалите, кои може да бидат искористени или преработени, претежно се собираат од страна на неформалниот сектор и потоа се продаваат на претпријатија кои се занимаваат со откуп, продажба или процесуирање на секундарни суровини.

| | |
|---|---|
| Година | 2014 |

Претпријатијата, кои се занимаваат со откуп на секундардни суровини, се главно членки на ПАКОМАК (овластен оператор за управување со отпад до пакување согласно Законот за управување со отпад од пакување). На територијата на Општина Кавадарци нема овластен оператор за управување со отпад до пакување. Исто така на териротијата на Општина Кавадарци стопанисуваат неколку претпријатија кои се бават со собирање на секундарна суровина. Истите имаат можност привремено да го складираат сепарираниот отпад, а потоа да го препродадат на соодветни установи за справување/преработка на истиот.

### *1.2 Состојби со биоразградливиот отпад*

Праксата за собирање на биоразградливиот отпад во Општината не е воспоставена, а согласно традиционалната употреба на истиот во земјоделието малку е веројатно дека и во иднина овој вид на отпад ќе биде дел од некој организиран систем за постапување. Со оглед на фактот што биоразградливиот отпад, како фракција во комуналниот отпад, се сретнува со 30%, проценетите количини што се создаваат на територијата на Општина Кавадарци се дадени во следната табела.

| | |
|---|---|
| Вкупно генерирање на отпад во Општина Кавадарци (1/год) | 19 780 |
| Биоразгрдлив отпад ( 30% од вкупниот комунален отпад) | 5 934 |

Табела 4 – Генерирање на биоразградлив отпад

Продукцијата на биоразградлив отпад, како фракција од комуналниот отпад, е една третина од вкупниот отпад и дава индикации за изградба на локална комопстара, исклучиво за потребите на Општина Кавадарци, но никако не смее да се занемарат количините на биоразградлив отпад кои потекнуваат од земјоделието и бараат соодветен третман.

Најголем дел од растителниот биоразградлив отпад отпаѓа на винариите, кои ги има најмногу на број во овој регион. Во изминатите години направен е обид да се направи посебна студија за управување со биоразградливиот отпад кој потекнува од лозјата, но за жал истиот не е реализиран. Во овој проект органски отпад кој посебно се создава на ова подрачје е од винариите.

### *1.3 Состојби со индустрискиот отпад*

Отпадот генериран од индустриските капацитети, како и останатиот комунален отпад, се собира и депонира на градската депонија. Јавното претпријатие има склучено договор со индустриските капацитети за подигање на отпадот и истиот редовно се подига, во согласност со динамиката на подигање, транспортирање и одложување на отпадот воспоставена од ЈП „Комуналец”.

Индустриските капацитети, кои работат на територија на Општина Кавадарци, воглавно се поврзани со производство на вино, односно лозја. Дугиот дел отпаѓа на другите видови на индустрија. Кај инсталациите нема развиен систем на сепарирање на отпадот. Истиот најчесто се собира во контејнери од кои редовно се отстранува генерираниот отпад.

Улогата на сточарството во генерирањето на биоразградлив отпад, исто така е потенцијал кој не треба да биде занемарен. Податоците за состојбата со бројноста на добиток и живина,

Количината на отпад што се генерира од индустриските капацитети е околу 6.000 t/годишно индустриски отпад (исклулувајќи го отпадот од винариите), или 30% од целокупниот генериран отпад кој се создава во Општина Кавадарци, а завршува на градската депонија.

### *1.4 Состојби со опасниот отпад*

Опасниот отпад, како што е дефинирано во член 6 од Законот за управување во отпад (Службен весник бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 09/11, 51/11, 23/12, 93/13, 187/13 и 42/14), не смее да завршува на ниту едно нерегулирано место и не смее да се одложи на депонија за комунален неопасен отпад. На територијата на Република Македонија, сеуште нема регулиран пристап кон управување со опасниот отпад, ниту посочена депонија на која истиот би се одлагал. Истото е случај и со Општина Кавадарци, каде не се води сметка за сепарирање на опасниот отпад од домаќинствата (батерии, масла, масти, акумулатори и др.), негово соодветно собирање и тертман. Резултат на тоа е одложување на опасниот отпад на градската депонија.
Многу различни видови на опасен отпад, кои можат да се идентификуваат според Листата на отпади (Сл.весник на РМ бр.100/05), се депонира на депонијата за комунален отпад. Околу 0,2 % од целокупниот отпад може да се класифицира како опасен отпад. Овде е вклучен и опасниот отпад кој доаѓа медицинскките установи, назначен како медицинки отпад, како посебна фракција која претставува сериозен проблем и закана квалитетот на животната средина.
Во Општина Кавадарци медицинскиот отпад потекнува од јавни и приватни здравствени установи. Согласно капацитетот на установата, има организирано и централна локација за складирање на опасниот отпад од посебните одделенија. Овој опасен медицински отпад се собира два пати во недела или по повик. Транспортирањето се врши со специјално медицинско возило. На лице место се врши мерење на собраните количини. Транспортот и складирањето се врши во Битола или Скопје.

која што се одгледува во Општина Кавадарци, потекнува од "Пописот на земјоделство, 2007" (Државниот завод за статистика) и се однесуваат на соодветниот коефициент на генерирање на отпад и определување на количината на создаден биоразградлив отпад.

Досега нема соодветно управување со ваквиот вид на отпад на територија на Општината, иако истиот може да претставува добар економски потенцијал.

### *1.5 Состојби со посебните видови на отпад*

Не постојат статистички податоци за овој тип на отпад, и исто така не постојат шеми за собирање ниту систем за преработка, како во општината, така и во РМ.

***Отпад од потрошени батерии и акумулатори***

Ваков вид на отпад не смее да се депонира на комуналната депонија, заради опасните својсва кои ги содржи во себе. За таа цел секое лице, кое ќе создаде отпад од потрошени батерии и акумулатори, треба да го достави до овластено правно или физичко лице кое поседува дозвола за управување со ваков вид на отпад. Во општината наема организиран систем за овој тип на отпад.

***Отпад од електрична и електронска опрема***

Отпадната електрична и електронска опрема се среќава главно како компонента од комуналниот отпад и се отстранува на комуналните депонии. Согласно новата законска регулатива, која се однесува на управување со електрична и електронска опрема и отпадна и електронска опрема, потребно е да се организира на национално и општинско ниво, систем за посебна селекција, складирање и одведување на овој отпад до овластени лица за понатамошен третман. Во Општина Кавадарци во моментот нема посебно организиран систем за овој вид на отпад.

***Отпад од искористени возила***

Во моментот на изработка на планот нема официјални податоци за организирано собирање на стари автомобили. Во согласност со релевантната законска регулатива, ваков тип на отпад инцидентно се одведува до правни лица овластени за собирање, складирање и дистрибуција.

***Отпадни гуми***

Според законската и подзаконската регулатива, овој вид на отпад треба посебно да се селектира и да не се одлага во садови за комунален отпад, карактеристично е тоа што најчесто се одлага на диви депонии, а најголем број на отпадни гуми се создаваат кај специјализираните работилници за промена на гуми и механичарски работилници. Во општината не е развиен посебно организиран систем за овој вид на отпад.

***Отпадно масло***

Во Општина Кавадарци нема посебна евиденција за генерирањето на овој вид на отпад за постапување со отпадно масло. Во општината не е организиран собирен центар за отпадни масла.

***Инертен отпад***

Во моментот состојбата за депонирање на градежен отпад се карактеризира со тоа што истиот се одлага на депонијата за комунален отпад. Во прилог на ова, Советот на Општина Кавдарци треба да определи нова локација за одлагање на инертниот отпад.

***Отпад од Фени Индустри***

Со оглед на тоа што Фени Индустри се наоѓа на територијата на Општина Кавадарци, а е еден од најголемите загадувачи во општината, истиот мора да се спомни и во овој план. За него е потребно да се изготви посебен план кој би ја опфатил оваа проблематика. Фени Индустри не се третира во овој план, бидејќи надлеѓжноста е под Министерство за животна средина и просторно планирање .

***1.6 Финансиски импликации од управување со отпад***

Анализата на основните финасиски показатели укажува дека јавното претпријатие има стабилно работење од својата основна дејност кое носи стабилни финансиски резултати низ годините, изразени со позитивна и релативно висока бруто профитна маржа која остава простор за дополнителни инвестициски активности. Финансирањето на управувањето со отпад се базира на наплатата на надоместокот од корисниците на комуналната услуга. Надоместокот на извршената услуга се определува на предлог на градоначалникот со одобрение од Советот на Општината.

Цената за депонирање на комуналниот и индустрискиот неопасен отпад во депонијата Мелци

е определен согласно Законот за управување со отпад, односно за ден/м$^3$, ден/t и определена со Тарифник за депонирање на комунален и друг вид на неопасен отпад.

ЈП Комуналец средтсва за ивестиции генерално ги обезбедува од сопствени буџет, не се регистрирани задолжување на претпријатието и општината. Во досегашната пракса нема буџетско учество на приватен капитал.

Меѓутоа, низ годините се забележува значителен пораст на учеството на каматите во структурата на трошоците со што се разјадува позитивниот потенцијал од бруто профитната маржа. Во услови на стандардна структура на трошоци, особено оние најзначајните како платите и оперативните трошоци кај кои нема поголеми осцилации, очигледно е дека зголеменото учество на каматите во структурата на трошоци допринесува да се влоши или доведе до прашање инвестициската моќ на Општината. Меѓутоа оваа ситуација на зголемени камати во трошковната структура се должи и на другите побарувачки од секторите во Јавното претпријатие.

Доколку не се влезе во нова набавка на комунални возила или пак други побарувачки од другите сектори се очекува да се намали ова високо учество на каматите кое ја турка профитната маржа, па јавното претпријатие ќе излезе од ситуацијата на ограничени можности за финансирање на Планот и Програмата за управување со отпад преку дополнително задолжување. Анализата на финансиските показатели покажува успешни резултати од наплатата на веќе отпишаните побарувања затоа што се јавуваат приходи од овој тип. Со оглед на фактот што во оваа дејност овие побарувања се од голем обем, се потикнува јавното претпријатие да работи на ова прашање со подеднаква посветеност и да се обиде да придонесе кон поголема успешност во наплатата (досега некаде околу 80%).

Финасиски инструменти за спроведување на Планот и Програмата за управување со отпад, идентификувани се следните можности за финансирање:

а)

- Задолжување од страна на Општината, Јавното претпријатие или комбинирано;

Според последните измени на Законот за финансирање на единиците за локалната самоуправа, објавен во Службен весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11, секоја општина за да се задолжи треба претходно да добие согласност од страна на Министерството за финансии. За да ја добие оваа согласност општината треба да поднесе Барање за задолжување до Министерството за финансии, одделение за јавен долг и во тој предлог Општината треба да наведе за што бара одобрение за задолжување, да даде опис на проектот за кој се задолжува, кои се предностите од неговото имплементирање, но најважно од се во што ги препознава Општината бенефициите од имплементацијата на проектот. Откако ќе добие позитивен одговор од Министерството, Општината ќе може да ја искористи опцијата задолжување. Она што е важно да се има предвид, пред да се пристапи кон овој чекор, е дека постојат законски ограничувања за максималниот износ на задолжување за кое општината може да добие одобрение за задолжување, а тоа е:

- За краткорочно финансирање 10% до 20% од тековно оперативните приходи од минатата година и
- За долгорочно задолжување не смее да надмине 100% од тековниот оперативен буџет на општината

буџетско (владино) учество; Според последниот Закон за задолжување на општините, а во согласност со новите правила за финансирање на општините од буџетски средства, општините можат да добијат буџетско (владино) учество во некој проект само доколку се докаже дека проектот е од јавен (државен) интерес.

в) финансирање од страна на донатори или во форма на грант средства;

За да се обезбедат средства по овој основ најповикано е раководството на јавното претпријатие или општината затоа што тие можат самостојно, на основа на подготвен предлог проект или физибилити студија да агитираат кај потенцијалните инвеститори за обезбедување на средства. Најчесто користена практика е активна кампања за промовирање на Планот и Програмата, истакнување на нивната важност за општината, организирање на донаторски конференции од нивна страна на кои се покануваат сите меѓународни организации, институции или претпријатија кои финансираат проекти, донираат средства или работат во областа за која се бара финансиска поддршка.

г) комбинирано финансирање со донација и владино учество;

д) со учество на приватен капитал за јавни услуги (договор за концесија);

ѓ) средства од сопствен буџет

Со цел Јавното претпријатие да може да смета на сопствени средства за финансирање на овие активности, потребно е редовно да ја следи финансиската состојба на општината и јавното претпријатие преку следење на погоре пресметаните показатели со особено внимание на движењето на показателот за расположливиот работен капитал кој во основа покажува колку средства има општината и јавното претпријатие на располагање за инвестиции.

Според сегашната структура на финансиската поственост, финансирањето на планот и програмата за управување со отпад Јавното Претпијатие мора да го реши со комбинација на надворешни извори на средства и општински средства. Јавното Претпријатие не е финансиски доволно силно за да може да поддржи самостојно еден проект од овој обем.

Од Буџетот на Општината се финансираат следниве активности:

- Чистење на јавно промени површини (метење, собирање и транспорт на смет од сообраќајници, како и отстранување на кал, наноси и песок)
- Изнесување на органски отпад, генериран од уредување и одржување на

парково зеленило

## 2. Предвидувања на идните состојби во врска со управувањето со отпад

### 2.1 Генерирање на отпад

Врз основа на фактот што бројот на населението во последните пописи, спроведени на територија на Р. Македонија, не покажува голем раст, (некаде околу 0,66% пораст на население на годишно ниво), вклучувајќи ги индикаторите за наталитет, морталитет и природен прираст на населението, се претпоставува дека ваквиот тренд ќе остане и за следните 6 години.

Но се претпоставува исто така, дека создавањето на отпад по жител на годишно ниво нема да надмине 350 кд, тогаш трендот на продукцијата на отпад за следните 6 години би бил следниот:

| Година | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на жители во урбана средина (95%) | 35 660 | 35 716 | 35 772 | 35 828 | 35 884 | 35 940 |
| Генериран отпад во урбана средина (т/год.) | 12 440 | 12 455 | 12 470 | 12 485 | 12 500 | 12 515 |
| Број на жители во рурална средина (95%) | 3 840 | 3 866 | 3 892 | 3 918 | 3 944 | 3 970 |
| Генериран отпад во рурална средина (т/год.) | 1 340 | 1 342 | 1 344 | 1 346 | 1 348 | 1 350 |
| Вкупен број на жители | 39 500 | 39 582 | 39 664 | 39 746 | 39 828 | 39 910 |
| Друг Индустриски неопасен отпад | 6.000 | 6.008 | 6.016 | 6.024 | 6.032 | 6.040 |
| Вкупно Генерирање на отпад во Општина Кавадарци (т/год.) | 19 780 | 19 805 | 19 830 | 19 855 | 19 880 | 19 905 |

Табела бр. 5 – Тренд на генериран проценет отпад за следните 6 години 0,348т отпад по жител

Во однос на воведување на систем за сепарирање и преработка на корисните фракции од отпадот предвидено е следното сценарио: За периодот од 2015-2020 година, врз основа на проценетите количини, вкупниот отпад кој ќе се генерира на годишно ниво би изнесувал 19 780 тони. Количнините на фракциите кои можат да се рециклираат согласно составот на

комуналниот отпад, дадени се во следната табела:

| Фракција | Застапеност (%) | Вкупно (тони) |
|---|---|---|
| Органски отпад | 26,2% | 5.182 |
| Дрво | 2,7% | 534 |
| Хартија и картон | 11,6% | 2.294 |
| Пластика | 9,7% | 1.919 |
| Стакло | 3,5% | 692 |
| Текстил | 2,9% | 574 |
| Метали | 2,6% | 515 |
| Опасен отпад | 0,2% | 40 |
| Композити | 2,2% | 435 |
| Комплексни производи | 0,3% | 59 |
| Инертен отпад | 3,6% | 712 |
| Други категории | 3,6% | 712 |
| Ситни делови | 30,9% | 6.112 |
| Вкупно | 100% | 19 780 |

Табела бр. 6 – Состав на отпад во Општина Кавадарци

### 2.2 Собирање, транспорт и одложување на отпад

Системот за собирање, транспорт и одложување на отпадот досега го имплементира ЈП

Органскиот отпад, како фракција, се издвојува со најголеми количини. Истиот варира од место до место и во најголема мерка зависи од прехрамбените навики на населението, како и од видот на стопанските активности. Дополнително, врз количината на отпадот во голема мерка влијае и сезоната. Сезонскиот карактер особено се манифестира во текот на пролетта и есента, кога се генерираат најголемите количини на биоразградлив отпад од домаќинствата.

Посебен вид на отпад претставува органскиот отпад, кој се продуцира во земјоделството и во индустријата за производство на прехранбени производи. Во отсуство на организиран систем на селектирање на отпад, проценките за количините на биораградлив отпад од домаќинствата и земјоделието се базираат на калкулативни методи, базирани врз статистички податоци и имаат апроксимативен карактер.

„Комуналец". Истото претпријатие има добиено дозволи за собирање и транспортирање на комуналниот отпад. Предвидено е ЈП „Комуналец" да стопанисува на територија на Општина Кавадарци се до моментот додека не се воведе регионално управување со отпадот, што како насока е дадено во Стратегијата за управавување со отпад во РМ. Местото каде што ќе се одложува отпадот е депонијата „Мелци", којашто и сега се користи за одложување на комуналниот отпад. Доколку во периодот за којшто е изготвен овој План за управување на отпад не се воведе регионално управување со отпад, Општината заедно со комуналното претпријатие ќе се обиде да го подобри управувањето со отпадот, преку исполнување на активностите предложени во Планот.

## 3.Насоки и цели во врска со управување со отпад

Општина Кавадарци има за цел да го усогласи управувањето со отпадот, со соодветните законски и подзаконски акти.

Законот за управување со отпадот е граден врз основа на фундаменталниот концепт или хиерархија за управување со отпадот, кој различните опции за справување со отпадот ги категоризира од најдобра до најлоша, согласно следниот редослед:

1. Превенција: (редукција/минимализација на создавање на отпад);
2. Повторна употреба;
3. Рециклирање/компостирање;
4. Искористување на енергијата, содржана во отпадот, по пат на согорување;
5. Отстранување (на депонија)




Слики бр. 6: Хиерархија за управување со отпад

Општината, заедно со Комуналното Претпријатие, ќе ги почитува насоките дадени во пропишаната легислатива, и преку исполнување на активностите дадени во Планот и Програмата за управување со отпад, ќе ја подобри сосојбата со управувањето на отпад во Општината.

## 4. Стимулативни мерки за реализација на активностите за избегнување и намалување на количини на создадениот отпад, како и повторно користење, рециклирање и користење на опад како извор на енергија

Основната цел при секое управување со отпад е да се минимизираат количините на отпад, кои ќе се депонираат и да се искористи секоја фракција од отпадот којашто има соодветна употребна вредност.

Многу од мерките кои можат да се применат со цел да се намали количината на создавање на отпад, како и негово повторно користење, рециклирање и користење на отпадот како извор на енергија, се спроведуваат или треба да бидат спроведени на државно ниво.

Доколку постојат соодветни пунктови, места за собирање на отпад кој може да се рециклира (хартија, пластика, метал, органски отпад и сл.), што би се поставиле од приватниот сектор или пак преку програми на ЈП „Комуналец" за воведување на селективно собирање на комуналниот отпад (доколку се изнајдат финансиски средства за нив), количината на депонираниот отпад значајно ќе се намали.

Во однос на јакнење на свесноста и мотивираноста на населението за потребата од намалување и селектирање на отпадот, се препорачува да се воводат стимулативни мерки, изразени низ:

- намалување на цената на собирање на отпад, за оние лица кои ќе вршат селекција на отпадот. Вредностите, т.е. количините кои би завршувале на градската депонија значително ќе се намалат, а со тоа ќе се подобри квалитетот на животната средина. Изводливоста на овој критериум може да се процени врз основа на анализа на трошоци за транспорт на отпад без претходно спроведена селекција и со применет систем на селекција на отпадот.
- издавање на дозволи за интегрирано спречување и контрола на загадувањето. Инсталациите, како мерка за намалување и избегнување на создавањето на отпадот од

индустриските капацитети, треба да ги применуваат препораките од најдобрите достапни технологии, што е основа за издавање на интегрирани еколошки дозволи за кои што е надлежна Општината. Во најдобар случај пазарните услови треба да влијаат стимулативно врз бизнис секторот од оваа област.

Постапување со отпадот ЈП Комуналец Кавадарци го изведува со должно внимание и на начин со кое се избегнува загрозувањето на животната средина, животот и здравјето на луѓето, загадувањето на водата, почвата и воздухот и создавање на бучава.
Постојани и планирани мерки во процесот на постапување со отпадот се:

- Избегнување на создавање на големи количини на отпад;
- Отпадот првенствено да биде преработен на местото на неговото создавање;
- Преработка на отпадот да се врши по пат на рециклирање, повторна употреба или во друг процес на екстракција на секундарни суровини;
- Селектирање на отпадот, класифицирање на истиот според Листата на видови на отпад и утврдување на неговите ксрсктеридтики;
- Почитување на универзалноста на услугата обезбедена преку одржливост на услугата, квалитетот и ефикасност, транспарентност целосно покривање на областана извршување на услугата;
- Безбедно собирање и транспортирање на отпадот од местото на неговото настанување до местото на неговото предавање;
- Транспортирање на отпадот со специјални возила наменети за транспорт на отпад;
- При преработка на отпад преработката да се врши без примена на процеси и методи кои ја загрозуваат животната средина;
- Економски прифатлива цена за извршената услуга;
- Почитување на начелото "загадувачот плаќа"

Заради успешна реализација на предвидените мерки ЈП Комуналец во согласност со динамиката за
работа дополнително ќе постави специјализирани садови за селектирано собирање на отпадот околу колективните станбени објекти, ќе изврши замена на дел од хаварисаните садови од 1,1$м^3$ и ќе отпочне реализација на проект за изградба на двор за рециклирање. Истиот ќе претставува капацитет за механички предтретман на отпадот и ќе има генерална функција за прочистување на собраните фракции на отпадот со цел постигнување на бараниот квалитет според стандардите за рециклирање.

## 5. Начин на отстранување на отпадот што не може да се избегне и да се преработи

При соодветно управување т.е. воведување на системот за сепарирање на отпад, ќе се придонесе кон намалување на количините на депониран отпад на општинската/градска депонија.

Освен фракциите кои што имаат економска вредност и можат на различен начин да се искористат, другиот отпад мора да биде одложен на депонијата.

Земајќи ја предвид сегашната состојба со управување на отпадот, во отсуство на сепарирање на истиот, како и минорни случаи на реупотреба и рециклирање, на тоа додавајќи ја сегашната состојба со депонијата „Мелци", која што не ги испонува ниту минимум техничките критериуми, треба да се стави осебен акцент при одложувањето на отпадот.

Ова Општината ќе го реализира преку издавање на дозвола за усогласување со оперативен план на ЈП „Комуналец", каде ќе бидат пропишани соодветни услови за правилно управување со депонијата.

Веќе е отпочната реализацијата на концептот за регионално управување со отпад, при што општината Кавадарци (во согласност со Националната Стратегијата за управување со отпад), заедно со соседните општини, влегува во регионот на Вардарска Македонија, каде ќе

се формира заедничко тело на управување. Вардарскиот регион е составен од 9 општини со вкупен број на жители од 154 535 согласно последниот попис во Република Македонија. Очекуваната годишна количина на создаден комунален отпад е околу 42 000 тони.

Доколку се изгради соодветна регионална санитарна депонија тогаш отпадот кој што не може да се преработи, сепарира, реупотреби или рециклира, соодветно ќе се одложи на санитарна депонија и нема да претставува закана за животната средина.

Доколку се реализира концептот за регионално управување со отпадот, тогаш потребно е оваа опција детално да се обработи, преку изготвување на Студија за управување со отпадот на регионално ниво. Ваквиот начин на управување со отпад не само што ќе го реши проблемот на прекумерно создавање на отпадот, туку ќе придонесе кон правилно одложување на истиот, со што ќе се намали притисокот врз животната средина. Се до моментот на регионално управување со отпадот, целокупниот отпад кој се собира од страна на ЈП „Комуналец" ќе биде депониран на градската депонија.

Согласно пропишаната регулатива за формирање и одржување на депонии, треба да се внимава за состојбата за животната средина, особено на квалитетот на подземните води. ЈП „Комуналец" треба да отпочне процес на добивање на Б дозвола за усогласување со оперативен план, каде што ќе биде опишано и влијанието на исцедокот од депонијата врз квалитетот на животната средина. Досега не се внимавало за правилно управување со депонијата и истата е без соодветна заштита, што може да резултира со загадување на подземните води.

Една од мерките за намалување на влијанието врз животната средина од постојната депонија за отпад во Општина Кавадарци, е Б-дозволата за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, односно Б-дозволата за усогласување со оперативен план за Депонијата, во која децидно треба да бидат наведени мерките за намалување на загадувањата, поткрепени со временска и финансиска рамка. Овие мерки мора да се испочитуваат доколку ЈП сака да добие дозвола за управување со оваа депонија.

Делумно, како фракција, во комуналниот отпад се сретнува и опасниот отпад. Општината треба да се погрижи овој отпад да се сепарира од комуналниот, додека пак Државата, односно надлежниот орган за работите поврзани со животната средина, треба да се погрижи за финалното згрижување на опасниот отпад.

## 6. Определување на видот и количините отпад, според кои се определува обврската за правните и физичките лица да изработуваат програми за управување со отпад

Заради воведување на систем за управување со отпадот на ниво на Општина, треба да бидат вклучени сите создавачи на отпад (индивидуални, физички и правни лица) и да се воспостави соодветна база на податоци за сите правни и физички лица кои стопанисуваат во Општина Кавадарци. По идентификувањето, треба да се разгледаат оние индустриски капацитети кои според Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 23/12, 93/13, 187/13 и 42/14) и Законот за управување со отпад (Сл. весник на РМ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 09/11, 51/11, 123/12 и 147/13) се обврзани да изготвуваат програма за животна средина, т.е. инсталации кои припраѓаат под ИСКЗ (Интегрирано Спречување и Контрола на Загадување) режимот и член 21 од Законот за управување со отпадот, кој вели дека сите создавачи на отпад со годишни количини поголеми од 150 ! неопасен отпад или 200 кд опасен отпад, се должни да изготват плански документи за управување со отпад. Ваквите субјекти потребно е планските документи за неопасен отпад да ги достават до Општината на разгледување и одобрување, додека пак планските документи за опасен отпад треба да се достават до надлежниот орган за работите поврзани со животната средина (Министерство за животна средина и просторно планирање) на разгледување и одобрување.

Општина Кавадарци има изготвено листа/база на инсталации, кои фигурираат на нејзината територија. За истите има проверено дали подлежат на ИСКЗ режимот. Информациите кои ќе се добијат или веќе се добиени од пополнетите барања за интегрирана еколошка дозвола или

пак дозвола за усогласување со оперативен план треба да влезат во соодветната база на податоци за управување со отпад од индустриските капацитети, а со тоа ќе се придонесе кон соодветно следење на количините на отпад, создадени од правните и физичките лица. Оние инсталации кои не припаѓаат кон ИСКЗ режимот, согласно член 24 од законот за животна средина, треба да изготват Елаборат за заштита на животната средина и истиот да го достават до МЖСПП за одобрување. Во него јасно треба да бидат нагласени сите видови на отпад кои се генерираат од таа инсталација. Ваквите информации Општината треба да ги бара и да ги систематизира во соодветна база, преку која ќе сеследи создавањето, постапувањето со отпадот, неговиот транспорт и одлагањето.

## 7. Реализација на системот на мониторинг при управувањето со отпад

Согласно Поглавје X (Мониторинг) од Законот за управување со отпад (Сл. весник на РМ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 09/11, 51/11, 123/12 и 147/13), Општината треба да врши мониторинг на управувањето со отпад, преку реализација на активностите дефинирани во Планот за управување со отпад на Општина Кавадарци.

Мониторингот на управување со отпадот се состои од:

1. Следење на состојбата со управувањето со отпадот;
2. Собирање и доставување податоци за видот, количеството и за потеклото на создадениот преработениот и отстранетиот отпад;
3. Земање и испитување на мостри;
4. Податоци за увоз, извоз и транзитот на отпадот;
5. Контрола, обработка и анализа на податоците;
6. Известување и предупредување на надлежните органи за можна опасност;
7. Обезбедување на информации за влијанието на создадениот отпад врз животната средина и
8. Соработка и размена на информации со меѓународните информациони мрежи.

Добивањето на податоци за следење на реализацијата на планот и програмата воглавно треба да бидат обезбедени со пополнување на формуларите за идентификација и транспорт на отпад, како и со пополнување на годишните извештаи за управување со отпад. Сите овие документи се дел од подзаконскиот акт: "Правилник за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за транспорт и идентификација на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишните извештаи за постапување со отпад" (Сл. весник бр. 7/2006) и претставуваат обврска за претпријатијата кои управуваат со отпад, како и за општинските власти.

Локалната администрација преку овие инструменти во секој момент може да има преглед за состојбите во областа на управувањето со отпад. Се разбира, ваква пракса сеуште не постои, но во иднина ќе се воведе системот за следење на состојбите со отпад во Општината.

Градоначалникот е должен да доставува годишен, консолидиран, извештај за состојбите во управувањето со неопасниот отпад во Општина Кавадарци до надлежното Министерство, најкасно до месец март за претходната година.

Согласно овие одговорности со овој плански документ се потенцира потребата од воспоставување на мрежа на мониторинг на целата територија на Општина Кавадарци, преку формирање на посебно одделение за управување со отпад во општината, во чии состав би работела служба за мониторинг, како дел од мониторингот на животната средина.

## 8. Конкретни мерки и активности за намалување на биоразградливите состојки во отпад наменет за отстранување и временскиот распоред и обемот на нивното реализирање

Сите активности, кои водат кон намалување на биоразградливите состојки од отпадот кој се носи на општинската депонија, се содржани во предвиденото воведување на селекција на биоразградливиот отпад и неговото компостирање. Доколку не се воведе регионално управување со оптадот, се препорачува да се премине кон привремено решавање на проблемот со сепарирање на отпадот и изградба на компостара која би опфатила неколку соседни општини во близина на Општина Кавадарци, а ќе се опфатат и сите винарии во регионот. Во текстот што следува дадено е образложение за потребата од воведувањето на компостирањето во Општина Кавадарци.

### 8.1 Основа за воведување на компостирањето на биоразградливиот отпад

Европската директива за депонирање (Council Directive 99/31/EC) упатува на потребата земјите да ги намалат количините на депониран органски отпад. Затоа органскиот отпад во иднина ќе треба да биде пренасочен и третиран надвор од депониите.

Најефективна технологија за ова е компостирањето.

Доколку за отпадот се размислува на економски и одржлив начин, можно е дел од органската фракција на комуналниот цврст отпад да се искористи и од неа да се произведе висококвалитетен подобрувач (бонификатор) на почва, компост, со споредлива или малку повисока цена од онаа за депонирање, а пониска од онаа за согорување, што би била втора опција за пренасочување на органскиот отпад надвор од депониите. Значи, произведениот компост ќе има индиректни ефекти врз количините и квалитетот на земјоделското производство, заради зголемување на квалитетот на почвата. При проценка на придобивките од компостирањето треба да се земат предвид и економските ефекти од намалување на депонискиот простор и продолжување на векот на траење на депонијата. За споредба, во Европа цената на депонирање е од 70-100 €/t, а за согорување повеќе од 120 €/t. Цената на произведен компост изнесува од 21-26 €/t, за годишен капацитет од 10.000 t.

Овие процеси треба да се изведувани под услови прифатливи за животната средина. Во општините со голем број на земјоделски производители, како што е Општина Кавадарци, третманот на биоразградливиот отпад (од домакинствата, земјоделието и комерцијалниот-од пазарите) со компостирање, може да се гледа како повеќе исплатлив од депонирањето и согорувањето. Иако со сегашната пракса сеуште депонирањето е поефтино од компостирањето, со воведувањето на регионалните депонии трошоците за депониран тон ќе бидат многу повисоки од сегашните.

Придобивките од овој начин на третирање на отпадот не се само финансиски. Најголемата придобивка, како што напоменавме, е заштедата на простор за депонирање, но и намалувањето на транспортните трошоци од домовите до депонијата. Финансиската вредност на квалитетниот компост не е голема, но неговата вредност при апликацијата на земјоделските површини е од огромна важност за подобрување на бонитетот на почвите и може да се пресмета и преку цената на добиениот производ (цената на производот и неговата конкурентност на пазарот).

Опциите за компостирање во Општина Кавадарци се ограничени заради лимитираните количини на органска фракција во комуналниот отпад што упатува на опциите за индивидуално компостирање или регионално здружување на повеќе општини со сличен квалитет на отпадот и изградба централна компостара која би овозможила рентабилно компоститрање, со ниски цени на третманот и висок квалитет на компостот.

Но доколку ги калкулираме и количините на отпад од земјоделството и фармерските активности, во Општината во голема мерка се зголемува економската исплатливост за изградба на општинска компостара. Дополнителен проблем кој би требало да се реши, доколку се прифати компостирањето како концепт за намалување и адекватно искористување на отпадот, е организираниот систем за сепарирање и транспорт.

Сепак за реализација на оваа идеја е неопходно организирање на систем на управување со отпад, кој ќе овозможи соодветно селектирање и третман на материите кои може да се рециклираат (меѓу кои и биоразградливиот отпад), на финасиски одржлив начин.

Значи, како почетна активност во процесот на компостирање би била воведување на систем за селектирање на органската фракција и воведување на финансиски олеснувања за оние

кои би го правеле тоа индивидуално во своите домаќинства или стопанства, а следна фаза би била здружување на повеќе општини и изградба на централна компостара на

- Стимулирање на индивидуални иницијативи за одвоено собирање и компостирање на органскиот отпад на локално ниво, преку ослободување од дел од надоместокот за собирање на отпадот.
- Контрола на квалитетот на компостот со цел да се определи неговата употребна вредност.
- Подготовка и имплементација на информативна кампања насочена кон производителите на отпад и компост.
- Подготовка на програма за развој на пазарот. Програмата треба да ги вклучи сите
- Трансфер на знаења и добри пракси, прво на општинско ниво, а потоа пошироко, на регионално ниво, со можност за окрупнување на активностите, со што би станале поефикасни и економски поисплатливи.

регионално ниво.

### 8.2 Типови на органски отпад за компостирање

Производството на квалитетен компост бара одделно собирање на органски отпад. Пред да биде поставен системот за сепарирање и компостирање на органски отпад, потребно е да се воспостави и одржливо да се финансира добро организиран целокупен општ систем за собирање и управување со отпад.

Како значителен извор на биоразградлив отпад се и земјоделието и сточарството, кои не можат да се занемарат, со оглед на бројот на руралните неселени места во Општината и присуството на фармерско производство.

### 8.3 Препораки за активности, кои треба да се превземат од страна на Општината Кавадарци за управување со биоразгрдлив отпад

Изводливоста на воведувањето на одвоено собирање на органската фракција на комунален цврст отпад и на земјоделскиот растителен и животински отпад и производство на компост би се потврдила низ:

- Подготовка и реализација на пилот проект при што органскиот отпад од зелените пазари како и другите типови на "чист" органски отпад, кој е одделно создаден, може да се користи за производство на компост. Тоа може да се направи во посточките капацитети во регионот.

Компостот произведен од мешан комунален отпад не може да биде безбедно употребен во земјоделието. Во основа тој единствено може да биде употребен како покривачки материјал на депонии или во високо загадени рударски области за некои општи активности за ремедијација. Затоа мешаното компостирање може да биде прифатено само ако произведениот компост замени некој поскап материјал.

Сепак, земајки го во предвид руралниот карактер на Општина Кавадарци, не би требало да се исклучи нејзиниот потенцијал за продукција на високо квалитетен компост, произведен само од растителните отпадоци кои потекнуваат од земјоделието.

### 8.4 Препорачана технологија за компостирање

За Општина Кавадарци препорачливо е да одбере технологија на домашно компостирање или т.н. аериран куп за компостирање со ниски трошоци.

Инсталациите треба да бидат дизајнирани за работа на отворено со покриви или

алтернативи за полупокриени површини. Се очекува дека со ваква поставеност ќе биде постигната најоптималната комбинација со ниски трошоци и контрола на процесот.

Ова бара локација која нема да биде близу до урбана средина или друга рурална средина наменета за живеење, односно надвор од населено место и може да се комбинира со депонија, за да се избегнат проблемите кои ќе се појават како резултат на ширење на непријатен мирис.

Како што е претходно кажано, како опција треба да се разгеда и можното искористување на постоечките капацитети за компостирање на регионално ниво. Ова сепак треба да е предмет на една сеопфатна и детална студија, која би ја утврдила потребата и финансиската изводливост на компостирањето на биоразградливиот отпад во Општина Кавадарци.

На следната табела се дадени инвестиции и трошоци за управување со централна постројка за третман на органскиот отпад, како една од опциите за компостирање:

| Капацитет | Инвестиции | Цена на работењето |
|---|---|---|
| 10.000t/годишно | 750.000-1.000.000€ | 21-26€/t |
| 3.500t/годишно | 500.000-650.000€ | 33-43€/t |

Табела бр. 7 – Инвестиции и трошоци за управување со органски отпад

Мора да се напомене дека овие бројки имаат апроксимативен карактер и не се резултат на детални анализи за изводливоста на компостирањето во Општина Кавадарци.

Воведувањето на домашно-индивидуално компостирање би значело вложување од околу 3000-6000 денари/година по семејство. Меѓутоа, придобивката би била голема во поглед на намалувањето на количините на отпад кои одат на депонија и подобрување на почвата.

## 9. Утврдување на потребите на Општината за изградба на објекти и инсталации за преработка на отпад

### 9.1 Генерални правци за идниот плански период во однос на управувањето со отпад

Дефинирањето на најсоодветниот начин на управување со отпадот за Општина Кавадарци, пред се треба да зависи од реалните можности за имплементација на вака поставената задача. Се смета дека по сите основи (институционални, организациски, финансиски, технички како и човечки ресурси), Општината Кавадарци има многу ограничени можности. Во таква ситуација, барањата на ЕУ Директивите и на Законот за отпад заедно со Националната Стратегија за управување со отпад, треба да се преточат во концепт кој барем минимално ќе ги задоволува овие критериуми и ќе покаже дека Општина Кавадарци, во рамките на своите реални можности, ќе даде свој придонес во приближувањето кон националните стандарди и оние на ЕУ во делот на управување со отпадот и ќе го подигне степенот на заштита на животната средина во однос на негативните влијанија од отпадот. Генерално, концептот на планскиот период треба да биде насочен во два правци:

1. Воспоставување на нов систем на управување со отпад, преку т.н. регионален пристап;
2. Воведување на систем за примарна селекција на отпад.

Директивите на ЕУ, кои се преточени во националното законодавство, се водич за

воспоставување на најсоодветен начин на управување со отпад. Во нив се бара целокупното управување со отпад да биде безбедно за здравјето на човекот и за животната средина. Врз основа на погоре спомнатите генерални правци за достигнување на минимално ниво на усогласеност со овие директиви потребно е да се спроведат следните активности во период од шест години:

- постепено воведување на нова пракса за депонирање на отпадот на постојната општинска депонија;
- уредување на постојната депонија, во фази;
- калкулирање на сите трошоци создадени при управувањето со отпад при формирањето на цената на услугата;
- регионално решавање на системот за управување со отпад;
- подигнување на степенот на наплата од домаќинствата, индустријата и институциите;
- постепено воведување на селекција на комуналниот отпад на местото на создавање (домаќинства, индустрија и институции);
- спроведување на јавни кампањи за потребата и придобивките од селектирање на отпад и компостирање.

## 9.2 Основа за воведување на примарна селекција на отпадот

Стратешката основа во врска со селектирање на отпадот на ниво на држава е негово намалување, реупотреба и рециклирање, заради економската исплатливост и зачувување на животнта средина.

Процентуалното учество на секоја фракција во комуналниот отпад е земено од Националниот план за управување со цврст отпад-Специјална студија за состав на отпад, каде беа направени мерења на фракциите од комуналниот отпад во урбани, семи-урбани и рурални средини.

Рециклирањето и повторното користење на корисните фракции од отпадот е еден од базичните елементи на современото одржливо управување со отпадот. Вредноста на овие материјали, а особено на материјалите кои се производ од фосилните горива (пластика) од ден на ден е се поголема и со тоа нивната преработка станува поисплатлива.

Моментално во Република Македонија се врши откуп на отпадна пластика, разните видови метали, хартијата и текстилот, додека стаклото не се откупува.

Со цел согледување на можните приходи, кои би се оствариле со собирање, процесирање и продавање на материјалите од комуналниот отпад, кои можат да бидат рециклирани, извршена е процена на можните приходи. Бидејќи цените по кои се откупуваат секундарните суровини се во зависност од видот и квалитетот на истите (видот на хартија, пластика или метал), како и степенот на обработка (балирани, испрани, иситнети, сепарирани по боја и др.) користени се просечни цени и тоа:

| Вид на суровина | Цена (од - до) | Просечна цена |
|---|---|---|
| Хартија | 1 кат. балирана од 4,62 ден./кг до 2,12 ден./кг неселектирана | 2,5 ден./кг |
| Пластика | ПЕТ, земј. фолија 5-8 | 6 ден./кг |

| | | |
|---|---|---|
| | ден./кг | |
| Метал | 4,5ден./кг дебелина< 3мм<br>8ден./кг дебелина > 6мм | 6 ден./кг |
| Текстил | Разни видови 1-2ден/кг | 1 ден./кг |

Табела бр. 8: Пазарни цени на одделни фракции од отпадот

Вкупните можни приходи по основна собирање и продажба на материјали кои можат да се преработат се прикажани во табела бр. 12.

| Фракција | Вкупна количина за период 2015-2020 (во тони) | Единечна цена (просечна) денари/т | Вкупно можни приходи |
|---|---|---|---|
| Пластика | 1.602 | 6.000,00 | 9.612.000,00 |
| Хартија | 1.915 | 2.500,00 | 4.787.500,00 |
| Метал | 429 | 6.000,00 | 2.574.000,00 |
| Текстил | 479 | 1.000,00 | 479.000,00 |
| Органски отпад | 4.327 | 3.000,00 | 12.981.000,00 |
| | | Вкупно денари: | 30.433.500,00 |
| | | Вкупно евра: | 494.854 |

Табела 9: Вкупни потенцијални приходи од рециклажа на отпад

На годишно ниво Општината би можела да обезбеди приход од искористување на рециклабилните фракции од комуналниот отпад.

Може да се заклучи дека во Општина Кавадарци фракции од отпадот којшто може да се преработи не се релативно мали и начинот на воведување на примарна селекција ќе зависи од неговата исплатливост. Регионалниот пристап е еден од условите за успешно организирање на овој вид на селекција.

Бенефитите од рециклирањето, покрај обезбедувањето на стабилни приходи, би се однесувале на заштитата на животната средина, како и продолжување на векот на користење на која и да било санитарна депонија, бидејќи и од аспект на волумен и од аспект на тежина значително би се намалиле и количините на отпад кои завршуваат на депонијата.

## 9.3 Опис на системот на примарна селекција

Врз основа на горе изнесеното, постои оправданост за воведување на примарна селекција на отпадот, како од системски (правен) аспект, така и од финансискиот аспект (прикажано како ефект). Овој систем може истовремено да служи за добивање на корисни фракции наменети за рециклажа и за компостирање.

Концепциски, примарната селекција може да биде воведена на два начина, во зависност од структурата и организационата поставеност на Општината:

1. Со целосна покриеност на системот преку општинското Јавно Комунално претпријатие и
2. Со препуштање на целосна организација на селектирање, транспорт и рециклирање на отпад на заинтересирани претпријатија (договор за услуги, концесија).

Од технички аспект, минимално селектирање на отпад може да се изведува на следниве начини:

- со воведување на систем од две канти (или ќеси) за селектирање на влажен (биоразградлив отпад) и за сув отпад (пластика и хартија) или т.н. индивидуално селектирање на отпад,
- со поставување на т.н. рециклажни острови во регионите каде има колективно домување (систем на повеке пластични или метални контејнери поставени на некое

централно место кои граѓаните ги полнат со соодветни материјали за преработка) или

- со комбиниран систем од претходните системи.

Со воведување на селекцијата воедно би требало да биде опфатен и биоразградливиот отпад што е препорака од ЕУ Директивите, која обврзува на постепено намалување на количините на депониран биоразградлив отпад.

Изборот на најефикасниот и најсоодветниот систем треба да се направи врз детална анализа на техничките, финансиските, организациските и другите услови на работење.

За воведување на било кој систем од горенаведените, неопходно е претходно да се спроведе широка медиумска кампања заради информирање, едуцирање и инволвирање на јавноста во предвидените активности. За комерцијалните објекти и индустријата, интерното селектирање на отпадот може да се организира како било која друга работна задача, бидејќи веќе претходно треба да е воспоставен најопштиот систем на управување.

Интерес за спроведување на системот имаат:

**Локалната самоуправа**, заради тоа што се намалуваат количините на отпад наменети за депонирање со што се продолжува векот на траење на општинските или регионалните депонии (основниот принцип на современото управување со отпад), се создаваат можности за отворање на нови работни места и се ангажира јавноста како дел од процесот на заштита на животната средина и се остваруваат приходи од инсталациите кои се бават со рециклирање.

**Бизнис секторот** од локално или пошироко значење, кој се занимава со рециклирање, заради воспоставување на стабилен систем на дотур на селектиран материјал (со административно одобрување и ангажман на локалната администрација, во рамките на својот дел, преку издавање на локации за поставување на садови и потпишување на договор со бизнис секторот), кој има многу поголема вредност ако е селектриран во изворот на создавање (да не се меша со останатите видови на отпад, како што е денешната пракса).

**Јавните комунални претпријатија** би имале свој интерес заради помалите трошоци, како резултат од намалувањето на количините на отпад наменет за депонирање. Ова значи дека се намалува фрекфенцијата на собирање на отпад, или на неделно или дневно ниво. Ако ЈКП е вклучено во организирање на системот на селекција и преработка на отпадот тогаш финансиските добивки можат значајно да го подобрат финансиското работење на истите.

**Невладиниот сектор** има свој интерес заради можноста да учествува во креирањето и практицирањето на целокупниот систем.

Овој зарднички систем може да биде движечка сила за спроведување за целосниот концепт.

## 10. Локации и инсталации за отстранување на отпад

Досегашната пракса на одложување на комуналниот отпад е на времената локација за депонија "Мелци", која треба да ги исполнува минимум техничките критериуми за одложување на комуналниот отпад. Сегашната состојба на депонијата е таква што истата понекогаш гори, благодарејќи на неформалниот сектор кој постојано е присутен на депонијата или пак од самозапалување. Нивната цел е да ги соберат материјалите за рециклирање, а со тоа и металот, како економско оправдана фракција која може да се издвои доколку останатите фракции се согорат. Така, депонијата е повремено опожарена, причинувајќи сериозни загадувања на медиумите и животната средина.

Иако, досега регионалното управување не е стапено во сила, сегашната состојба со

депонирањето на отпад Општината може да го реши преку воведување на ИСКЗ режимот за депонијата „Мелци". Со соодветни услови дадени во дозволата за усогласување со оперативен план може да се доведе депонијата да работи под режим на минимум техничките критериуми, кои би биле далеку од оние кои важат за санитарна депонија, но сепак би гарантирале контрола на емисиите во животната средина.

Крајна цел за имплементација на овој План во пракса, како и обврска за дефинирање на Националната стратегија за управување на отпадот, ќе биде покриеност на сите територии во општината и регионот за собирање и одложување на цврстиот комунален отпад на регионална санитарна депонија и постројка за рециклирање.

Во случај да се воведе регионално управување со отпадот, потребата од воведување на трансфер станици ќе биде оправдана, бидејќи допринесуваат за заштита на животната средина и здравјето на луѓето по повеќе основи:

- Се редуцира загадувањето на воздухот и потрошувањето на горивото, а со тоа се зголемува ефикасноста во собирањето на транспорт на отпадоци, и се редуцира потрошувачката на енергија;
- Со оглед на тоа дека на транфер станиците може да се врши и претходно процесирање на материјалот, издвојување на корисни компоненти, може и рачно издвојување, како и отстранување на габаритните материјали и опасниот домашен отпад, се редуцира со користење на горива кои се потребни за негов транспорт и зголемување на можноста за повраток на материјалот;
- Со изградба на трансвер станици се обезбедува можност регионалната депонија да може да биде поставена во зони побезбедни за населението, кое може да биде и поодалечено од местото на собирање, како и на поповолна локација;
- Со изградба на транфер станица се редуцира транспортното оптеретување на регионалните депонии;
- На трансфер станиците граѓаните можат и сами да донесат издвоени рециклабилни компоненти и да ги сортираат во специјални контејнери.

  Со цел рационализација на трошоците, транфер станиците е покорисно да се градат таму каде што веќе постои можност за адаптација на некои постоечки згради или локации со затворена депонија, меѓутоа доколку се најде таква локација.

  Димензионирање на трансфер станиците вклучува и дефинирање:

  - Простор за манипулација со транспортните возила кои го довезуваат отпадот;
  - Простор за истовар на возилата;
  - Мостна вага;
  - Простор за компакторска единица за компакција на отпад;
  - Простор за манипулација за претоварен отпад;
  - Простор за паркирање и миење на возила;
  - Простор за лента за издвојување на корисните компоненти;
  - Простор за корисни компоненти;
  - Простор за опасен отпад;
  - Простор за габаритен отпад;
  - Административна зграда.

На станицата за трансфер мора да има доволно простор за отпадот да може да стои една недела во екцесни ситуации. Такво складирање на отпадот ќе биде повеќе од доволно да компензира можни неочекувани дефекти на возилата заради кои отпадот повремнено не може да се транспортира на регионални депонии.

Позиционирањето на трансвер станицата вклучува таков избор на локација која може да прифати транспортни возила, кои ќе го довезуваат собраниот отпад и поголеми претоварни возила во кои отпадот се претовара со цел да се одвезе на регионална депонија.

Со оглед ваквите станици да се лоцираат што поблиску до населеното место, за тоа е потребно да се избере соодветна технологија за претовар со која ќе се согласи локалното население и надлежните власти и минимизирање на развивање на миризбата, бучавата, настанување на отпадни води, зголемување на сообраќајот и сл. Локацијата на трансфер станицата мора да биде лесно достапна, на стабилен терен, кој може да поднесе поголемо оптеретување од возилата.

## 11. Податоци за интегрираната национална мрежа за отстранување на отпад и инсталациите за преработка на отпад

Интегрирана мрежа за отстранување на отпад и на инсталациите за преработка на отпад на ниво на Р. Македонија не постои заради тоа што депониите се сеуште на ниско ниво во однос на усвоените стандарди, за да можат да служат за прифаќање и депонирање на отпад од другите Општини, иако во пракса тоа се случува но на несоодветен начин. Во однос на капацитетите за преработка на отпад (рециклажа), исто така не постојат средени податоци во вид на интегрирана национална мрежа.

Согласно Националната Стратегија за управување со отпад и Националниот план за управување со отпадот, преку развивање на регионален систем за управување со комуналниот отпад ќе се овозможи создавање на интегрирана национална т.е. регионална мрежа за отстранување на отпадот.

Еден од основните приоритети на општината е изградба на регионални системи за депонирање на отпад, развој на регионална депонија, како дел од Тиквешкиот регион.

Основањето на регионални капацитети за депонирање на комуналниот отпад, како законска обврска на единиците за одреден неопасен отпад од други извори се состои од следните решенија во врска со распоредот, изградбата и работењето на депониите:

- Утврдување на технички стандарди за управување со отпадот за новите и за надградените постојни депонии, како и минималните стандарди за работа за надградба на дел од постојните депонии за времена работа;
- Реконструкција и ревитализација на депонии со среден ризик за животната средина, како резултат на релативно поволните хидро-геолошки услови, со цел да се обезбедат соодветни условиза работа и прифатливо влијание врз животниот стандард од таквите времени депонии;
- Реконструкција и надградба на депонии со низок ризик со мало влијание врз животната средина како резултат на релативно поволните хидро-геолошките услови, до ниво на прописни регионални депонии;
- Техничките мерки за ремедијација на непрописните депонии ќе се состојат, главно од земјени работи и пејсажно уредување, мерки против пропуштањето на вода и

формирање на покривни слоеви, дополнителна стабилизација на наносите и запечатување.

## 12. Технички и други услови коишто треба да се исполнат при управувањето со отпад

Во Правилникот за постапување со комуналниот и другите видови на неопасен отпад (Службен весник на РМ бр. 147/07) јасно се поставени условите како правилно да се постапува со отпадот. Општината заедно со ЈП „Комуналец" ги почитува условите поставени во овој Правилник и преку активностите наведени во овој План ќе продолжат со правилно управување со отпадот.

Во однос на други видови на отпад се планира запазување на соодветната законска и подзаконска регулатива. Планиран е развој на систем за собирање и селекција, кој ќе овозможи:

- Преттретман на стари возила, од техничка гледна точка, детоксикација и делуман демонтажа;
- Собирање, демонтажа и детоксикација на автомобилските батерии и акумулатори со цел да се намали нивното нелегално отстранување и од истите причини ќе се воспостави систем за собирање вопродавниците и во сервисите, за истрошените ситни батерии и акумулатори кои вообичаено се одлагаат заедно со комуналниот отпад;
- Делуна демонтача и сепарација на употребливите составни делови на електрична и електронска опрема, кои понатаму моче да се рециклираат;
- Селекција на отпадни гуми според соодветноста на обновување, неупотребливите гуми моче да се препратат на специјален преттретман за рециклирање или моче да се користат како секундарно гориво во индустриските термални процеси;
- Собирање и селекција на отпадни масла од производните/услужните процеси и евентуална реализација на централно собирно место на ниво на општина за времено складирање на отпадни масла;
- Собирање и селекција на градежен шут, сепарација на крисни фракции на самиот избор на создавање, обезбедување на локации за депонирање на градежен шут.

## 13. Мерки за санација на дивите депонии и на загадените области

Во Општина Кавадарци не постојат индустриски загадени области кои имаат свое историско значење. Сепак свеста кај повеќето од населението не е подигнато до ниво кое може да гарантира правилно управување со отпадот. Идентификуваните диви депонии на територија на целата Општина, претставуваат сериозна закана за нарушување на медиумите за животната средина. Иако ЈП Комуналец редовно ги отстранува некои од настанатите диви депонии кои се резултат од неправилното одложување на комуналниот, опасниот и инертниот отпад, сепак Општината треба да изнајде начин како да ја подигне свесноста на неселението во однос на начинот на селектирање, рециклирање и одложување на отпадот. Едукацијата на населението е една од приоритетни мерки кои треба да се спроведат со цел да се намали бројот на диви депонии. Дополнително, како мерка може да

биде поставување соодветни контејнери на локациите (со поголем габарит), кадешто комуналниот отпад би се собирал на едно место и истиот лесно би бил остранет од локацијата или да се формираат претоварни пунктови. Дивите депонии во иднина ќе бидат опфатени со урбанистичките планови, при што ќе им биде дадена трајна намена. Отпадот кој што се наоѓа на нив треба да биде дислоциран и во зависност од неговата категорија ќе се одложи на соодветната депонија. Просторот којшто порано бил дива депонија, до неговата крајна намена (пропишана во идните урбанистички планови), Општината ќе го рекултивира.

## 14. Активности кои се превземаат од страна на единицата на Локалната самоуправа во врска со управувањето со отпадот

Врз основа на претходните проценки и констатации, дефинирани се акции кои треба да се исполнат за следниот шест годишен период, дадени во Табела 17 . Предложените акции се дадени земајќи ги предвид реалните можности на Општина Кавадарци, како и барањата што произлегуваат од националната законска рамка и ЕУ директивите. Исполнувањето или неисполнувањето на акциите во голема мера ќе зависи од способноста на самата Општина, постепено, во фази, да планира, имплементира и целосно да се справи со оваа проблематика. Предложените проценти на опслужено население, ниво на селекција и рециклажа и нивото на компостирање, се дадени врз основа на претпоставки за влегување на приватен капитал во оваа дејност, како најлесно изводлива опција за постигнување на дадените цели. Во секој случај, остварувањето на Планот треба да се следи систематски и секогаш да се интервенира доколку е потребно.

Управувањето со отпадот претставува генерален клучен проблем во целата Република, бидејќи нема доволна покриеност на населението со комунална дејност, тешката финансиска ситуација во комуналните претпријатија, не се почитуваат принципите за хиерархија во управувањето со отпадот, нема примарна селекција на изворот на создавање на отпадот, нема рециклирање на истиот, нема евиденција за количествата на отпад посебно за различните видови на отпад, има создавање на т.н. диви депонии и постои неусогласеност на општинските депонии (ниту една од 54-те општински депонии) со националните и меѓународните стандарди за работа.

Општина Кавадарци не е исклучок од целокупната сегашна лоша состојба со управувањето со отпадот на национално ниво.

Клучните проблеми на општинско ниво можат да се решат со акции и мерки координирани со Националниот План за управување со отпадот и Националната Стратегија за управување со отпад.

Главните препораки од експертскиот тим по идентификација на состојбата со различните фракции на отпадот, посетите на терен и интервјуата спроведени со жителите на општината се:

- Активно вклучување во разговорите и плановите за формирање на регионално претпријатие кои би ја обезбедувало услугата и транспортот на отпадот на територијата на неколку општини кон регионалната депонија;
- Формирање на комунално претпријатие, набавка на опрема за собирање и транспорт на отпадот до предвидена локација за негово отстранување;
- Иницирање и спроведување на комунални инфраструктурни проекти неопходни за подобрување на состојбите со управувањето на отпадот во општината:

- Набавка на транспортни возила, опрема за собирање на отпад;
- Склучување на договори со правни и физички лица за обавување на дејноста собирање и / или транспортирање на комунален и друг вид неопасен отпад;
- Донесување на одлука врз база на Проект за изводливост и проектна документација за локација - депонија каде да се носи собраниот комунален отпад во периодот додека не се изгради регионалната депонија;
- Подготовка на проектна документација и изградба на депонија за инертен отпад (можна е изградба на меѓуопштинска депонија за инертен отпад).
- Чистење на дивите депонии и отстранување на собраниот отпад на локација - депонија каде ќе се носи собраниот комунален отпад во периодот додека не се изгради регионалната депонија;

  Соодветно управување со биоразградливиот отпад преку насоките дадени во интегрираната студија за негово управување

- Стопирање на активности на горење на отпадот на дивите депонии.

- Водење на разговори и преговори со соседните општини за формирање на заедничка специјализирана стручна служба која би ги координирала сите активности поврзани со управувањето со животната средина вклучувајќи го и управувањето со отпадот на ниво на вклучените општини;
- Иницирање на проекти кои би пружиле техничка помош-обуки на вработените во тимот за животна средина посебно во делот на оценка на влијание врз животната средина, ревизија на апликации за дозволи за работа на стопанските субјекти-инсталации и водење на преговори со инвеститорите;
- Соработка со консултантски фирми, владини институции и академски институции и граѓаните во Општината при подготовка на стратешките плански документи за управување со отпадот;
- Подготовка на Годишен Извештај за отпадот (комунален, неопасен и инертен) кој бил собран, транспортиран и отстранет на депонија и доставување на истиот до Министерството за животна средина и просторно планирање;
- Креирање на база со квантитативни и квалитативни податоци за отпадот кој се создава, примарно селектира, рециклира, транспортира, третира и отстранува на депонија;
- Воспоставување на заеднички (за повеќе општини) мониторинг на управувањето со неопасниот отпад, на состојбата на животната средина и влијанијата на отпадот врз здравјето на луѓето (посебно квалитетот на почвата, воздухот и површинските и подземните води во околина на локации каде се отстранува отпадот);
- Воспоставување на форми на комуникација со сите заинтересирани страни (владините институции, консултантските фирми, невладините организации, академските институции и стопанските / индустриските инсталации) со цел активно да се учествува во сите проекти и акции на национално ниво кои се однесуваат на управувањето со отпадот;
- Воспоставување на процедура и начини на доставување на информации до јавноста за управувањето со отпадот;
- Иницирање на проекти заедно со невладиниот сектор за промовирање на компостирањето;

- Стопирање на активностите на горење или депонирање на медицинскиот отпад
- Вклучување на приватните здравствени установи, стоматолошките ординации и аптеките во мрежата на децентрализирано собирање, транспостирање и третирање на медицинскиот отпад (планирани се на национално ниво три автоклава лоцирани во Скопје, Битола и Штип);
- Тесна соработка со здравствените работници и докторите по медицина на трудот околу идентификација на здравствениот ризик од загадувањето на површинските и подземните води, почвата од депонирањето на отпадот под нестандардни усвоени услови;
- Селекција и собирање на опасниот отпад и отстранувањето на истиот во согласност со законските барања.

Анализа на јаките и слабите страни на состојбите со управување со отпадот се претставени во следната табела:

| | |
|---|---|
| Јаки страни:<br>-Формирано јавно пртпријатие;<br>-Има воспоставен систем на собирање и одлагање на отпадот;<br>-Има релативно добра наплата;<br>-Има времена депонија, која ги задоволува минималните услови и има капацитет за следните десетина години;<br>-Постои јака волја за учество во регионалниот пристап на решавање на отпадот;<br>-Обновен возен парк за транспот на отпадот. | Слабости:<br>-Застарен возен парк на ЈКП;<br>-Слабо развиена свест кај населението;<br>- Недостаток на финансиски сретства/инвестиции (надворешни и на Општината);<br>- Не се создадени услови за селектирање, собирање и транспорт на биоразградлив отпад;<br>-Можно неприфаќање од соседните Општини во воведување на регионален систем на управување со отпад. |
| Можности:<br>- Намалување на отпад по пат на сепарирање;<br>-Употреба на корисни фракции од комуналниот отпад;<br>-Правилно управување со депонија;<br>-Формирање пунктови за прифаќање на корисен отпад. | Закани:<br>-Несоодветно управување со отпадот;<br>-Диви депонии, за чие расчистување не се добива финансиски надоместок;<br>-Загадена животна средина. |

Табела бр. 10 – Анализа на јаките и слабите страни на состојбите со управување со отпадот

Индикаторите за остварувањето на Планот можат да се одредат врз основа на конкретни показатели во однос на предложените активности. Истите зависат од вкупниот број на опслужено население, што соодветно би создавало одредени количини на отпад кои организирано ќе се собираат и врз основа на планираните проценти на рециклирање и компостирање, дадени се количините на селектиран отпад кои треба да се соберат. Овие индикатори се променливи, што значи ако некој од нив не се исполнил треба да се направи детална анализа за причините и врз основа на таа оценка да се ажурираат планските барања за следните години. Тоа значи да се намалат одредени барања, ако е можно да бидат изразени во бројки или да се оптимизираат одредени активности. Ако некој од индикаторите покажува успех, тогаш треба да се стимулира таа одредена акција. Исто така треба да се анализираат и оние индикатори кои покажуваат ниту раст ниту намалување.

Финансирањето на мерките и активностите предвидени во Планот ќе се реализираат од повеќе извори како:

Средства на ЈП Комуналец;

Буџет на Општина Кавадарци;

Буџет на Република Македонија.

Можни се и други извори на финансирање:

Заеми од финансиски институции и заеми од комерцијални банки;

Билатерални донации (УСАИД, ГТЗ и тн.);

Сретства од програми за јакнење на капацитетите на јавните претпријатија (теоретска обука преку работилници, семинари и посета на инсталации-системи за постапување со отпад);

Сретства од ЕУ кои подржуваат иновации и истражувања;

Инструменти за претпристапна помош на ЕУ (ИПА компоненти 1,3 и 4).

| Мерки | Активности | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Јакнење на административни те капацитети | Јакнење на капацитетите на ЈПК и Општината;<br>Техничка опременост;<br>Едукација и обука на кадарот што управува со отпадот;<br>Посета на едукативни курсеви и обуки за прописите и стандардите за генерално управување со отпадот, за посебните технички оперативни прашања, за влијанието од капацитетите за управување со отпад врз животната средина и за економско-финансиските аспекти на операциите за управување со отпад. | Техничка опременост | Техничка опременост | Техничка опременост | Техничка опременост | Техничка опременост | Техничка опременост |
| 2.Уредување на постојна депонија (постигнување на стандарди за минимум технички критериуми) | Воспоставување на универзалност во услугата на целокупната територија на општината обезбедена преку одржливост на услугата, квалитет и ефикасност, транспарентност, целосно покривање на областа на извршување на услугата:<br>-Проширување на услугата во руралните средини;<br>-Воспоставување на шема за целосно покривање на селективен процес на целокупната територија | Обезбедување ИСКЗ дозвола | Спроведување на условите дадени во дозволата за ИСКЗ | Спроведување на условите дадени во дозволата за ИСКЗ | Спроведување на условите дадени во дозволата за ИСКЗ | Спроведување на условите дадени во дозволата за ИСКЗ | Спроведување на условите дадени во дозволата за ИСКЗ |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. Регионално управување со отпад во Вардарски регион на Р.Македонија | Изработка на техничка и институционална документација за подобрување на системот за собирање и транспотирање и селективно собирање на отпадот:<br>-Изработка на План за управување со отпад;<br>-Изработка на Програма за управување со отпад;<br>-Изработка на интегрирана шема за управување со отпад;<br>-Изработка на План за депонирање на комунален отпад;<br>-Изработка на Програма за депонирање на комунален отпад; | Формирање на регионално ЈКП и почеток на преговори за Финансирање на инвестицијата | Формирање на регионално ЈКП и почеток на преговори за финансирање на инвестицијата | Изработка на тендерска документација и избор на најповолни понудувачи | Изградба на центар за управување со отпад,набавка на комунални возила и контејнери | Почеток на новиот регионален систем за управување со отпад | |
| 4.Воведување на систем за селектирање и собирање на отпад вклучувајќи ги и посебните видови на отпад на целата територија | | Припремни работи за воведување на системот; | Покривање на 20% од неопслуж. население | Покривање на 40% од неопслуж. население | Покривање на 60% од неопслуж. население | Покривање на 80% од неопслуж. население | Покривање на 100% од неопслуж. население |
| 5. Центри за рециклажа | | Воведување на систем за примарна селекција | Ниво на рециклажа 10 % | Ниво на рециклажа 10 % | Ниво на рециклажа 15 % | Ниво на рециклажа 15 % | Ниво на рециклажа 20 % |
| 6. Управување со биоразградливиот отпад | | Селектирање/собирање/Изградба на компостара | Ниво на застапеност 30% | Ниво на застапеност 50% | Ниво на застапеност 70% | Ниво на застапеност 75% | Ниво на застапеност 80% |
| 7.Мониторинг на управување со отпад | | Следење на состојбата со отпадот/извешт аи | Следење на состојбата со отпадот/извештаи | Следење на состојбата со отпадот/извеш | Следење на состојбата со отпадот/извешта | Следење на состојбата со отпадот/извештаи | Следење на состојбата со отпадот/извешта |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8.Подигање на јавна свест | | Изготвување програма за подигање на јавна свест | Кампања за правилно управување со отпад и управување со органски отпад и сепарирање на | Исполнување на активности од програмата | Исполнување на активности од програмата | Исполнување на активности од програмата | Исполнување на активности од програмата |
| 9.Расчистување на дивите депонии | | План за расчистување/ едукација | План за расчистување/ едукација | План за расчистување/ едукација | План за расчистување/ . | План за расчистување/ едукација | План за расчистување/ . |

Табела бр. 11 –Мерки и активности со управување со отпадот

## 15.Мерки за едукација и за подигање на јавната свест за управување со отпад

### 15.1.Учество на јавноста во процесот - управување со отпад

Воспоставување на пракса за вклучување на јавноста е битен фактор во процесот на донесување на одлуки, значајни за животната средина, преку соработка со јавните комунални претпријатија, Локалната самоуправа и НВО секторот. Процедурата за вклучувањето на јавноста е дефинирана во Архуската конвенција и стана обврска за Р. Македонија со денот на нејзиното ратификување. Исто така, елементи од Конвенцијата се преточени во Законот за животна средина, кои го гарантираат правото на учество на јавноста во одлучувањето и пристапот до правдата за прашања поврзани со животната средина.

Најважна активност во целиот процес е организација за собирање на отпадот, како одлука на граѓаните. Јавноста ќе биде јасно и прецизно информирана за начинот на собирање на отпадот.

Јавноста треба да биде информирана и едуцирана за потребата од намалување на отпадот, како и негова реупотреба и рециклирање. За секоја активност која што ќе ја превземе Оштината, јавноста ќе биде известена и вклучена во неа.

Во процесот на дефинирање на цените за извршување на услугите во областа на животната средина, јавноста треба да биде вклучена, а координатор на активноста може да биде локална НВО која се бави со оваа дејност или други стручни лица кои се бават со оваа проблематика. На ваков начин населението полесно ќе ја прими обврската и свесно ќе ја реализира.

Од голема важност е преземање на конкретни активности и проекти од типот "Заедно кон почиста Општина", организирање на трибини, конференции за печат и пратење на истото од страна на локалните медиуми. Највисока цел, која треба да се постигне со јавните кампањи, е зголемување на јавната свест кај населението, но и изнаоѓање на најдобро можно и одржливо решение со што ќе се воспостави баланс помеѓу потребите на населението, можностите на јавното комунално претпријатие и потребите на приватниот сектор.

Комуналните претпријатија или приватниот сектор ќе ја информираат јавноста за преземање на конкретни чекори во управувањето со отпадот и ќе побараат мислење од граѓаните во врска со тоа. Ова е битно за понатамошно успешно работење и одржливост на целиот систем на работа. Од голема важност е системот за собирање на отпад да биде

прифатен од страна на населението со што би се постигнале саканите ефекти, а би било од корист и за идните инвеститори кои што би го искористиле отпадот, како и за Јавното комунално претпријатие.

Медиумите се алатка на Општината и на ЈП за подобро запознавање на јавноста за сите активности кои се преземени од оние кои управуваат со отпадот, било да е тоа ЈП „Комуналец" или приватно комунално претпријатие. Соработката со медиумите е важна заради:

- Пренесување на пораките преку медиумите;
- Можност да се чуе гласот на локалното население;
- Информирање и јакнење на свеста кај јавноста / целни групи во јакнење на животната средина;
- Можност за повикување на граѓаните на акција како и објаснување како тие можат да учествуваат;

Можности за влијание врз државните органи (институции, власти, политичари). Во согласност со горе наведеното, треба да се направи стратешки план за комуникација со медиумите при реализирање на Планот:

- Одредување на медиумски цели на Планот како резултат на општите проектни цели;
- Одредување на целни групи на кои ќе им се обраќаме и каков впечаток ќе оставиме врз нив;
- Одредување на пораки кои треба да бидат пренесени за постигнување на саканата цел.

## 15.2. Активности на јавната кампања

Активностите кои треба да се преземат за реализирање на "Кампања за подигнување на јавната свест":

- Припрема, дизајн и печатење на промотивен материјал-флаери;
- Поставување на основни информации за Планот како и планираните активности кои следат за селективното собирање на комуналниот отпад и негово рециклирање;

  Подготовка на радио и телевизиски емисии под наслов "Правилно управување со отпад - пат до почист развој"

Во соработка со заинтересирани телевизиски и радио канали со финансиска подршка од Општината, Програмата за животна средина на МЖСПП и други спонзори, би се снимиле одреден број на телевизиски и радио емисии, заради подобро претставување на проблемот-управување со отпад во Општина Кавадарци. Темите кои ќе се опфатат во емисиите, се оние кои се застапени во самиот документ "План и програма за управување со отпад во општина Кавадарци ". Емисиите ќе бидат во два циклуса, при што првиот циклус на емисии ќе биде со цел да се презентираат активностите кои ќе бидат преземени, а во вториот циклус ќе бидат презентирани постигнатите резултати од тие активности.

Овие емисии можат да одат два-три пати неделно, во ударни термини во текот на еден месец, а потоа да се пофторуваат во одредени интервали.

*Кампања за подигнување на јавната свест во процесот на воспоставување на одржливо управување со отпад*

- Прва фаза*:*

  - Доставување на флаери на корисниците на комунални услуги;
  - Поставување постери на достапни места во Општината со цел промоција на

проектот и известување на јавноста за значајот на управувањето со отпадот и идниот одржлив развој на Општината;

- Емитување на првиот циклус на радио и телевизиски емисии;
- Одржување на конференција за печат со цел претставување на проектот, неговите цели и активности. На конференцијата треба да бидат повикани претставници од електронските и печатените медиуми;
- Мев презентација на изведените активности во оваа фаза.

-Втора фаза:

Еднодневна работилница-обука на наставниот кадар во основните училишта која ќе ги

опфати следните активности:

- Наставници од основните училишта кои ќе покажат заинтересираност за проектот, ќеучествуваат во работ
- Обуката ќе ги опфати следните теми: сегашна состојба во областа со управување со отпад, економски и еколошки аспекти на рециклирањето, примарна сепарација, потреба од минимизирање на отпадот, промена на навиките на потрошувачите, негативни ефекти и неправилно третирање на отпадот, неопходна промена на односот кон животната средина итн;
- Емитување на вториот циклус на радио и телевизиски емисии;
- Мев презентација на изведените активности и постигнатите резултати во оваа фаза.

-Трета фаза:

Преземање на конкретни активности кои ќе ја финализираат јавната кампања:

- Повик кон локалното население во учество во акција за собирање на материјали за рециклирање;
- Организација на наставниот кадар заедно со учениците практично да ги применат искуствата стекнати од обуките и работилниците;
- Награди од страна на Општината до оние кои собрале најголема количина на материјали за рециклирање;
- Мев презентација на изведените активности и постигнатите резултати во оваа фаза.

*Очекувани резултати од јавната кампања:*

- Развиен модел за едукација на населението за проблемите во животната средина;
- Развиен модел за едукација на наставниот кадар, подготвен да ги едуцира учениците во основните училишта за управување со отпадот, потребата од рециклирање, минимизирање и повторна употреба на отпадот. Развиена свест на просветните работници за потребата од интензивирана едукација;
- Повисоко ниво на свест кај најмладата популација и пошироката јавност за потребите од рециклирање и учество во примарната селекција на отпадот. Поголема заинтересираност на популацијата за проблемите во животната средина и учество во акции на ниво на Општината;
- Развиена свест на медиумите за потребата од учество и сеопфатно и реално информирање на јавноста за сите аспекти за заштитата на животната средина (посебно за отпадот) и актуелните случувања на тоа поле;
- Воспоставување на соработка на НВО секторот, локалната самоуправа, медиумите, ЈП „Комуналец", приватниот сектор и сите заинтересирани во процесот за подигање

на јавна свест и воспоставување на систем за управување со отпад.

Процесот на подигнување на јавната свест е неопходно да се продолжи и да се збогатува со нови содржини во склад со принципите на правилно управување со отпад.

## 16. Процена на трошоците за операциите на преработка и отстранување на отпад

Секое воведување на нов начин на собирање или третирање на отпад претставува предизвик за било која организација. Ризикот кој го носи учеството на населението е релативно висок и е потребно време со соодветна медиумска јавна кампања и друг вид на мерки да се постигнат зацртаните резултати. Поради ова, при дефинирање на приходите усвоено е дека во првата година ќе се постигне рециклирање на 40% од генерираните количини на рециклабилен материјал, во втората година 60%, а во другите години 70%.

Постојниот начин на управување со отпадот во Општина Кавадарци, кој вклучува и управување со комуналната општинска депонија, која не ги задоволува ниту најелементарните стандарди за санитарна депонија, предизвикува негативно влијание врз животната средина и економијата и претставува ризик по истите. Исто така, постојното управување со отпадот не е во согласност со националната правна рамка и ЕУ директивите за управување со отпад.

Сретствата за подигање, транспортирање и одложување на отпадот веќе се претставени во претходните поглавја. Трошоците не е планирано да се менуваат за овој вид на услуги кои ги дава ЈП „Комуналец".

Воведувањето на селекција на материјалите кои можат да се рециклираат од комуналниот отпад, претставува активност за која се потребни релативно големи финансиски сретства. Ова претставува голема потешкотија за Локалните самоуправи, кои се надлежни за обезбедување на комунални услуги, каква што е и подигнувањето и депонирањето на комуналниот отпад.

Искуствата покажуваат дека инвестирањата во соодветното управување со комуналниот отпад (во овој случај селекција и рециклирање на корисните фракции од комуналниот отпад), генерално овозможуваат, односно резултираат со економски и социјални добивки.

Се препорачуваат 3 опции за селектирање на употребливите фракции од отпадот:

- Селекција на отпадот во соодветен погон;
- Селектирање на отпадот на местото на создавање на отпадот со полуавтоматски процес;
- Селектирање на отпадот на местото на создавање на отпадот со мануелен процес.

Врз основа на извршената анализа и инвестиционите трошоци се предлага имплементирање на третата опција, односно Селектирање на отпадот на местото на неговото создавање со мануелен процес на одделување на материјалот кој може да се рециклира, пред негова продажба на претпријатијата кои се занимаваат со рециклирање на пластика и хартија.

## 17. Финансиски инструменти за спроведување на планот за управување со отпад

Планот за финансирање на активностите за имплементација на планот и програмата во себе вклучува:

- финансиски сретства од сопствени извори и
- финансиски сретства од надворешни извори.

За првата категорија на активности од планот и програмата кои не можат да добијат

карактер на т.н. проектни трошоци финансирани од надворешни извори, се оценува дека Општината и ЈП „Комуналец" треба да ги ангажираат сопствените интелектуални ресурси или да ангажираат од сопствени сретства локални/регионални консултанти за реализација на овие активности. Генерално финансирање може да се спроведе преку:

- Средства на ЈП Комуналец;
- Буџет на Општина Кавадарци;
- Буџет на Република Македонија.

За втората категорија на активности од планот и програмата кои можат да добијат карактер на т.н. проектни трошоци, финансирани од надворешни извори, се оценува дека треба да се подготви и спроведе тендерска постапка за нивна реализација.
Можни надворешни извори на финансирање се:

- Заеми од финансиски институции и заеми од комерцијални банки;
- Билатерални донации (УСАИД, ГТЗ и тн.);
- Сретства од програми за јакнење на капацитетите на јавните претпријатија (теоретска обука преку работилници, семинари и посета на инсталации-системи за постапување со отпад);
- Сретства од ЕУ кои подржуваат иновации и истражувања;
- Инструменти за претпристапна помош на ЕУ (ИПА компоненти 1,3 и 4).

## Преодни и завршни одредби

Овој документ треба да ги определи стратешките цели на Општина Кавадарци во идниот шестгодишен развоен период димензионирани во приоритети, реално изводливи во определено време и со реална финансиска конструкција и да ја прикажи Програмата за реализација на активностите за 2015 година.

Согласно став 1 од член 18 и согласно точка 2 од став 1 од член 19 од Законот за управување со отпад, Градоначалникот му ги предлага на усвојување Планот (2015 - 2020) и Програмата за управување со отпад за 2015 година, на Советот на Општина Кавадарци за нивно усвојување.

Составен дел за реализација на овој план се следните програми кои веќе постојат и се усвоени ос Совет на Општина Кавадарци:

- Програма за управување со отпад на територија на Општина Кавадарци за 2015год.
- Програма за јавна чистота за 2015год.
- Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Општина Кавадарци за 2015год.
- Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци бр. 07-873/3 од 28.02.2014год.

Како и документации подготвени од страна на ЈП Комуналец, Кавадарци:

- Програма за управување со комунален и друг вид на неопасен отпад на ЈП Комунален (2015)
- Извештај за евиденција на отпад на годишно ниво за ЈП Комуналец, Кавадарци

**Бр. 08-2546/20**
**28.05.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со Спомен обележја**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со Спомен обележја, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 28.05.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-2756/21**
**02.06.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 17 став 1 од Законот за меморијални споменици и Спомен обележја (“Сл.весник на РМ” бр.66/04,89/08), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 28.05.2015 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со Спомен обележја**

Во Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со Спомен обележја бр.07-1711/25 од 25.04.2012 година (“Службен Гласник на РМ” бр.45/2012), се врши следната измена и дополнување:

Во глава Содржина во точка под реден број 2 “бројот 5 “ се заменува со бројот” 9”.

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр. 08-2546/21**
**28.05.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за подигање на спомен обележје – 4 портрети во масло на платно на истакнати личности од историјата на Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за подигање на спомен обележје – 4 портрети во масло на платно на истакнати личности од историјата на Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 28.05.2015 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-2756/22**
**02.06.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 18 став 1 и 2 од Законот за меморијални споменици и Спомен обележја ("Сл.весник на РМ" бр.66/04,89/08), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 28.05.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за подигање на спомен обележје – 4 портрети во масло на платно на истакнати личности од историјата на Кавадарци**

Член 1

Заради одбележување и оддавање почит на истакнати личности од историјата на Кавадарци , да се подигне спомен обележје - 4 портрети во масло на платно на истакнати личности од историјата на Кавадарци.

Член 2

Спомен обележјето - 4 портрети во масло на платно на истакнати личности од историјата на Кавадарци ке биде уметничко дело според опис и содржина што ке ги определи Одборот за подигање на спомен обележјето.

Член 3

Спомен обележјата - 4 портрети во масло на платно на истакнати личности од историјата на Кавадарци ке бидат поставени во фоајето на зградата на Општина Кавадарци.

Член 4

За управувањето, чувањето, одржувањето, заштитата и користењето на спомен обележјето со свои средства ке се грижи Општина Кавадарци Локална самоуправа.

Член 5

За спроведување на постапката за подигање на спомен обележјето, се именува Одбор за подигање Спомен обележје - 4 портрети во масло на платно на истакнати личности од историјата на Кавадарци, во состав :

Одборот го сочинуваат 9 члена.

Претседател: Петре Камчевски

Членови :
1. Трајанка Атанасова
2. Владимир Темков
3. Димитар Зарков
4. Блаже Тасев
5. Ташо Радњански
6. Даниел Чолаковски
7. Ванчо Колевски
8. Горан Белевски

Член 6

Одборот ги има за задача да ги изврши следните работи:

- да распише јавен конкурс за изработка на идеен проект за подигање на спомен обележје ;
